# ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ПРАШАЊА И ОБЛАСТИ КОРИСНИ ЗА РАБОТАТА НА ЕКОЛОШКИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – Sida, а спроведуван од Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Македонското здружение на млади правници и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе – ЦНВП, изработи видео туторијали наменети за еколошките граѓански организации кои обработуваат различни прашања кои се важни за работата на граѓанските организации. Видеата се објавени на следниот линк: https://www.youtube.com/@macedonianyounglawyersasso2457/videos

Целта на видеата е да се зголемат знаењата на граѓанските организации за начинот на кој може да се вклучат во донесувањето на одлуки поврзани со животната средина.

Во овој документ е даден преглед на најважните одредби од релевантните закони кои го регулираат секое од прашањата опфатени со видеата.

**Содржина:**


Механизми за учество на јавноста на локално и државно ниво ................... 3

Постапка за спроведување на референдум на локално и национално ниво. 10

Обврски на граѓанските организации според Законот за фондации и здруженија на граѓани ........................................................................ 17

Учество на јавноста во процесот на изготвување закони и измени на закони ........................................................................................... 25

Спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина и учество на јавноста ........................................................................ 36

Издавање на интегрирани еколошки дозволи и учество на јавноста во процесот на издавање на дозволите .................................................... 51

Надлежности, поднесување иницијатива за инспекциски надзор и спроведување на инспекциска постапка во животната средина ................ 63

Стретегиска оцена за влијание врз животна средина ............................... 73

Учество на јавноста во користењето на водите ........................................ 94



Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Механизми за учество на јавноста на локално и државно ниво

## ЗАКОН ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО ИЗЈАСНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

**Член 5**

За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи за спроведувањето на референду мот и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните не се плаќа такса и сите дејствија во постапката се ослободуваат од плаќање на сите видови данок.

### 1. Граѓанска иницијатива

**Член 3**

(1) Граѓанската иницијатива е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето преку покренување на иницијативи пред Собранието на Република Македонија, пред советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.
(2) Граѓанска иницијатива може да се покрене за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија (во натамошниот текст: Уставот), предлагање за донесување на закон и за распишување на референдум на државно ниво (во натамошниот текст: граѓанска иницијатива на државно ниво).
(3) Граѓанска иницијатива може да се покрене и за донесување на одреден пропис на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, за решавање на одредени прашања од надлежност на советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и распишување на референдум на локално ниво (во натамошниот текст: граѓанска иницијатива на локално ниво).

#### 1.1. Граѓанска иницијатива на државно ниво

**Член 66**

(1) Граѓанска иницијатива на државно ниво се покренува на предлог на 100 граѓани.
(2) Граѓанската иницијатива на државно ниво се спроведува за прашања од членот 3 став (2) на овој закон.
(3) Предлогот за покренување граѓанска иницијатива на државно ниво треба да биде поднесен од овластен предлагач и да се однесува на прашање за кое е надлежно да одлучува Собранието.
(4) Овластен предлагач, во смисла на ставот (3) од овој член, е првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 67**

(1) Предлогот за покренување на граѓанска иницијатива на државно ниво се доставува до претседателот на Собранието.
(2) Кога претседателот на Собранието ќе утврди дека иницијативата е во согласност со членот 66 од овој закон, во рок од три дена за тоа ќе го извести овластениот предлагач.
(3) Укинат
(4) Укинат
(5) Кога претседателот на Собранието ќе утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето во врска со иницијативата ќе го стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието, но не подоцна од 15 дена од денот на утврдувањето на неуредноста на иницијативата.
(6) Собранието со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна.
(7) Претседателот на Собранието го известува овластениот предлагач за заклучокот на Собранието во рок од три дена од денот на неговото донесување.

**Член 68**

(1) Кога претседателот на Собранието ќе утврди дека иницијативата е уредна преку претседателот на Владата на Република Македонија го известува органот на државна управа надлежен за евиденција на избирачкото право.
(2) Во случаите кога иницијативата е уредна рокот на постапката за собирање на потписи започнува да тече по 20 дена од денот на доставувањето на известувањето од претседателот на Владата на Република Македонија до органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право.

**Член 69**

(1) Предлагачот е должен граѓанската иницијатива на државно ниво за која е поднесен предлогот да ја спроведе во рок од три месеца од денот на добивањето на известувањето за нејзината уредност.
(2) Ако во рокот од ставот (1) на овој член не се спроведе граѓанската иницијатива на државно ниво за која е поднесен предлогот, се смета дека иницијативата не е покрената.

**Член 70**

(1) Потписите на граѓаните за граѓанската иницијатива на државно ниво се даваат на образец пред органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право, во рамките на работното време.
(2) Образецот од ставот (1) на овој член го содржи предлогот за кој се собираат потписите на граѓаните и податоците за реден број, име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот и простор за потпис на граѓаните.
(3) На образецот граѓаните лично се потпишуваат.
(4) Образецот на кој се даваат потписите на граѓаните го заверува со печат и потпис на службеното лице пред кое тие се потпишуваат.
(5) Во општините и градот Скопје во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и друг службен јазик и неговото

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

писмо, образецот од ставот (2) на овој член се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што е во службена употреба во таа општина и градот Скопје.

**Член 71**

(1) Граѓанска иницијатива на државно ниво за поднесување на предлог за пристапува- ње кон измена на Уставот и за распишување на референдум се смета за покрената ако најмалку 150.000 граѓани со свои потписи ја поддржале иницијативата.
(2) Граѓанска иницијатива за предлагање за донесување закон се смета за покрената ако најмалку 10.000 граѓани со свои потписи ја поддржале иницијативата.

**Член 72**

Овластениот претставник на предлагачот, образецот со потписите на граѓаните за предлогот за кој е покрената иницијатива на државно ниво го предава на претседателот на Собранието во рок од три дена од денот на завршувањето со давањето на потписи.

**Член 73**

(1) Собранието без расправа донесува одлука за граѓанската иницијатива од членот 71 став (1) на овој закон.
(2) Собранието за иницијативата од членот 71 став (2) на овој закон е должно да одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот.
(3) Собранието за одлуката по предлогот од ставот (2) на овој член ги информира граѓаните.
(4) Информирањето на граѓаните се врши преку средствата за јавно информирање.

**1.2. Граѓанска иницијатива на локално ниво**

**Член 74**

(1) Граѓанската иницијатива на локално ниво се покренува пред советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.
(2) Граѓанската иницијатива на локално ниво се спроведува преку давање на потписи на граѓаните за прашања од членот 3 став (3) на овој закон.
(3) Граѓанска иницијатива на локално ниво не може да се покрене за финансиски и кадровски прашања.

**Член 75**

(1) Граѓанска иницијатива на локално ниво се покренува на предлог на 100 граѓани.
(2) Предлогот за покренување граѓанска иницијатива на локално ниво се доставува до претседателот на советот.
(3) Предлогот за покренување граѓанска иницијатива на локално ниво треба да биде поднесен од овластен предлагач и да се однесува на прашање за кое

е надлежен да одлучува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.
(4) Овластен предлагач, во смисла на ставот (3) од овој член, е првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива.

**Член 76**

(1) Претседателот на советот по добивањето на предлогот за граѓанска иницијатива во рок од три дена ќе испита дали предлогот е поднесен од овластен предлагач и дали се однесува за прашања за кои е надлежен да одлучува советот.
(2) Кога претседателот на советот ќе утврди дека иницијативата е во согласност со членот 75 став (3) од овој закон, во рок од три дена за тоа ќе го извести овластениот предлагач.
(3) Кога претседателот на советот ќе утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето во врска со иницијативата ќе го стави на дневен ред на првата наредната седница на советот, но не подоцна од 15 дена од денот на утврдувањето на неуредноста на иницијативата.
(4) Советот со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна.
(5) Претседателот на советот го известува овластениот предлагач за заклучокот на советот во рок од три дена од денот на неговото донесување.

**Член 77**

(1) Предлагачот е должен граѓанската иницијатива на локално ниво за која е поднесен предлогот да ја спроведе во рок од еден месец од денот на добивањето на известувањето за нејзината уредност.
(2) Ако во рокот од ставот (1) на овој член не се спроведе граѓанската иницијатива на локално ниво за која е поднесен предлогот, се смета дека иницијатива не е покрената.

**Член 78**

Потписите на граѓаните за граѓанската иницијатива на локално ниво се даваат пред органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право и на начин определен со членот 70 од овој закон.

**Член 79**

Граѓанската иницијатива на локално ниво се смета за покрената ако најмалку 10% од граѓаните запишани во изводот од Избирачкиот список за општината, градот Скопје и општините во градот Скопје со свои потписи ја поддржале иницијативата.

**Член 80**

Овластениот претставник на предлагачот, образецот со потписите на граѓаните за предлогот за кој е покрената иницијатива на локално ниво го предава на претседателот на советот, во рок од три дена од денот на завршувањето со давањето на потписите.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 81**

(1) Советот е должен да одлучува во рок од 30 дена по приемот на предлогот.
(2) Советот за одлуката по предлогот ги информира граѓаните.
(3) Информирањето на граѓаните се врши преку средствата за јавно информирање на начин утврден со статутот.

## 2. Собир на граѓани

**Член 4**

Собирот на граѓани е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за прашања од локално значење за општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и од значење за месната самоуправа за која се однесува прашањето.

**Член 82**

(1) Собирот на граѓани се свикува заради изјаснување на граѓаните за одделни прашања од значење за месната самоуправа и заради покренување на иницијативи за решавање на прашања од локално значење.
(2) На собирот на граѓани граѓаните разгледуваат прашања, заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните од подрачјето на општината, односно месната самоуправа.

**Член 83**

На собирот на граѓани право да одлучуваат имаат граѓаните со живеалиште на подрачјето на кое се организира собирот.

**Член 84**

(1) Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа на која се однесува прашањето.
(2) Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (во натамошниот текст: градоначалникот) по сопствена иницијатива, на барање на советот или на барање од најмалку 10% од граѓаните запишани во изводот од избирачкиот список за општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, односно на месната самоуправа за која е свикан собирот.

**Член 85**

(1) Барањето за свикување собир на граѓани содржи потписи на граѓаните кои се запишани во изводот од избирачкиот список за подрачјето за кое се свикува собирот.
(2) Барањето за свикување собир на граѓани се поднесува до градоначалникот.
(3) Градоначалникот е должен во рок од 30 дена по приемот на барањето да го свика собирот на граѓани.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 86**

(1) За свикување собир на граѓани градоначалникот донесува одлука.

(2) Информирањето на граѓаните за собирот на граѓани се врши преку средствата за јавно информирање на начин утврден со статутот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

**Член 87**

(1) На собирот на граѓани одлучуваат граѓаните со избирачко право.

(2) Собирот на граѓани го води градоначалникот или лице од општинската администрација, односно од администрацијата на градот Скопје кое тој ќе го овласти.

(3) За прашањето за кое се расправа на собирот на граѓани известува градоначалникот, а по потреба и претставници на општинската администрација и администрацијата на градот Скопје.

(4) Со статутот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје поблиску се уредува одржувањето на собирот на граѓани.

**Член 88**

(1) Собирот на граѓани може да усвои заклучоци за работата на органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

(2) Собирот на граѓани заклучоците ги усвојува со мнозинство гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 89**

Органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје се должни во рок од 90 дена од денот на одржувањето на собирот, заклучоците да ги разгледаат и за своите решенија да ги информираат граѓаните преку средствата за јавно информирање на начин утврден со статутот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

## ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

### 3. Претставки и предлози

**Член 29**

(1) Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

(2) Градоначалникот е должен:

- да создаде услови за доставување претставки и предлози;
- најдоцна во рок од 60 дена, од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор и
- претставките и предлозите коишто не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

## 4. Јавни трибини, анкети и предлози

**Член 30**

При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Постапка за спроведување на референдум на локално и национално ниво

## ЗАКОН ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО ИЗЈАСНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

### Член 5

За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи за спроведувањето на референдумот и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните не се плаќа такса и сите дејствија во постапката се ослободуваат од плаќање на сите видови данок.

### Член 7

(1) На референдумот граѓаните се изјаснуваат непосредно со тајно гласање.
(2) Право на гласање на референдум имаат граѓаните кои имаат избирачко право и се запишани во Избирачкиот список (во натамошниот текст: граѓаните).
(3) Никој не може да биде повикан на одговорност за гласање, односно негласање на референдум.

### Член 8

(1) Референдумот се распишува заради одлучување на граѓаните или за консултирање на граѓаните.
(2) Одлуката донесена на референдумот за одлучување е задолжителна.
(3) Одлуката донесена на референдум за консултирање не е задолжителна.

### Член 12

(1) За референдум овластениот предлагач може да води јавна пропаганда на свој трошок.
(2) Јавната пропаганда за референдумот мора да заврши најдоцна 48 часа пред денот на гласањето.

### Член 13

(1) Гласањето на референдум започнува во 7,00 часот и трае непрекинато до 19,00 часот.
(2) Гласачкото место се затвора во 19,00 часот, а на граѓаните што се затекнале во објектот за гласање им се овозможува да гласаат.
(3) Гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список, може да се затвори и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 14**

На гласачкото место се истакнува одлуката за распишување на референдумот, називот на прописот за кој се одлучува на референдумот, односно називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдум.

**Член 15**

(1) На референдум се гласа со гласачко ливче.
(2) Гласачкото ливче го содржи прашањето што се става на референдум, упатство за начинот на гласањето и серискиот број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот.
(3) Ако се гласа за повеќе прашања, за секое прашање се гласа на посебно гласачко ливче.
(4) Прашањето на гласачкото ливче мора да биде прецизно формулирано и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со “ЗА” или “ПРОТИВ”.

**Член 16**

(1) Гласачкото ливче за референдум на државно ниво се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) Во општините и градот Скопје во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и друг службен јазик и неговото писмо, гласачкото ливче се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што е во службена употреба во таа општина и градот Скопје.

**Член 17**

(1) Гласачкото ливче за референдум на локално ниво се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) Во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и друг службен јазик и неговото писмо, гласачкото ливче се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што е во службена употреба во таа општина, градот Скопје и општините во градот Скопје.

**Член 19**

Референдум за исто прашање не може да се повтори пред истекот на рокот од две години од денот на одржаниот референдум.

**1. Референдум на државно ниво**

**Член 20**

(1) Референдум на државно ниво распишува Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието).
(2) Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150.000 граѓани.

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 21**

(1) Предлогот за распишување референдум на државно ниво со образложение се поднесува до претседателот на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: претседателот на Собранието).
(2) Собранието е должно во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот од ставот (1) на овој член да донесе одлука за распишување на референдум.

**Член 22**

(1) Одлуката за распишување на референдум на државно ниво се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во други средства за јавно информирање.
(2) Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум на државно ниво во "Службен весник на Република Македонија" до денот на одржувањето не можат да поминат помалку од 60 ниту повеќе од 90 дена.

**Член 23**

Референдум на државно ниво задолжително се распишува за усвојување на одлука на Собранието за менување на границата на Република Македонија и на одлука за стапување или иступување од сојуз или заедница со други држави.

**Член 24**

Референдум на државно ниво може да се распише и за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања од надлежност на Собранието (претходен референдум) и за одлуки донесени од Собранието или за изјаснување на граѓаните за други прашања за кои одлучувало Собранието (дополнителен референдум).

**Член 25**

Референдум на државно ниво може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон (претходен референдум) или за преоценување на закон што претходно е донесен (дополнителен референдум).

**Член 26**

(1) Претходен референдум може да се распише за:
- определено прашање што треба да се уреди со закон и
- уредување на определено прашање што не е уредено со закон.
(2) Дополнителен референдум може да се распише за преоценување на закон што претходно е донесен.

**Член 27**

За претходно консултирање на граѓаните за прашања од поширoко значење за Република Македонија може да се распише референдум на државно ниво за консултирање на граѓаните (референдум за консултирање).

**Член 28**

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

(1) Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на Буџетот на Република Македонија и завршната сметка на Буџетот, за јавните давачки, за резервите на Република Македонија, за прашања на изборите, за именувањата и разрешувањата и за амнестијата.
(2) Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на одбраната, воена и вонредна состојба и за уредбите со законска сила донесени за време на воена или вонредна состојба.
(3) Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања за кои Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

**Член 29**

(1) Одлуката за менување на границата на Република Македонија и одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави се усвоени на референдум ако на референдумот за нив гласало мнозинството од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список.
(2) Одлуката од ставот (1) на овој член усвоена на референдум е задолжителна.

**Член 30**

(1) Одлуките на референдумот на државно ниво се сметаат за усвоени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список, освен во случаите кога за одделни прашања со Уставот и со овој закон поинаку не е утврдено.
(2) Собранието е должно во рок од 60 дена по објавувањето на резултатите од референдумот да го уреди прашањето, односно законот по кој се одлучувало на референдумот, во согласност со резултатите од референдумот.

**2. Органи за спроведување на референдум на државно ниво**

**Член 31**

Органи за спроведување на референдум на државно ниво се:
- Државната изборна комисија;
- општинските изборни комисии за спроведување на избори за пратеници во Собранието на Република Македонија (општински изборни комисии) и
- избирачки одбори.

**3. Референдум на локално ниво**

**Член 36**

(1) Референдум на локално ниво распишува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: советот), по сопствена иницијатива и на предлог од најмалку 20% од граѓаните од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

(2) Советот може да распише референдум на локално ниво за прашања од негова надлежност за кои со закон е овластен да одлучува.

**Член 37**

(1) Одлуката за распишување на референдум на локално ниво се објавува во службеното гласило на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и преку средствата за јавно информирање на начин утврден со статутот.

(2) Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум во службеното гласило на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје до денот на одржувањето на референдумот на локално ниво не можат да поминат помалку од 25 ниту повеќе од 40 дена.

**Член 38**

Референдум на локално ниво може да се распише за донесување пропис, за прашања што треба да се уредат во општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (претходен референдум) или за преоценување на пропис што претходно е донесен (дополнителен референдум).

**Член 39**

(1) Претходен референдум на локално ниво може да се распише за:
- определено прашање што треба да се уреди со пропис и
- уредување на определено прашање што не е уредено со пропис.

(2) Дополнителен референдум може да се распише за преоценување на пропис што предходно е донесен.

**Член 40**

(1) Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и за организацијата на општинската администрација.

(2) Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања за кои советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

**Член 41**

(1) Одлуките на референдум на локално ниво се сметаат за донесени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за општината, градот Скопје и општините во градот Скопје каде што се спроведува референдумот.

(2) Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, е должен во рок од 60 дена по објавувањето на резултатите од референдумот

да го уреди прашањето, по кое се одлучувало на референдумот во согласност со резултатите од референдумот.

**4. Органи за спроведување на референдум на локално ниво**

**Член 42**

Органи за спроведување на референдум на локално ниво се:
- општински изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје за спроведување на локални избори (изборна комисија) и
- избирачките одбори.

**IV УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕФЕРЕНДУМОТ**

**Член 55**

(1) Државната изборна комисија за резултатите од гласањето на референдумот на државно ниво изготвува извештај.
(2) Извештајот за резултатите од гласањето на референдумот содржи податоци за:
- вкупниот број на граѓани запишани во Избирачкиот список;
- вкупниот број на граѓани кои гласале;
- вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња;
- вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на важечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на гласови “ЗА”;
- вкупниот број на гласови “ПРОТИВ” и
- резултатот од референдумот.

**Член 56**

(1) Државната изборна комисија резултатот од гласањето на референдумот на државно ниво го објавува во “Службен весник на Република Македонија” во рок од 15 дена од денот на одржувањето на референдумот.
(2) Извештајот за резултатот од гласањето на референдумот на државно ниво, Државната изборна комисија го доставува до Собранието.

**Член 57**

За утврдување на резултатите од гласањето на референдумот на локално ниво соодветно се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на референдумот на државно ниво.

**Член 58**

Општинската изборна комисија по приемот на записниците и целокупниот гласачки материјал од избирачките одбори во рок од 24 часа го утврдува и објавува резултатот од гласањето на референдумот на локално ниво.

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 59**

(1) Извештајот за резултатот од гласањето на референдумот на локално ниво, изборната комисија го доставува до советот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје во рок од три дена од денот на неговото одржување.
(2) Изборната комисија резултатот од гласањето на референдумот на локално ниво го објавува во службеното гласило на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје во рок од десет дена од денот на неговото одржување.

**1. Заштита на гласачкото право при спроведување на референдум на државно ниво**

**Член 64**

(1) Секој граѓанин има право да поднесе приговор поради неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во рок од 24 часа од денот на одржувањето на референдумот на државно ниво до Државната изборна комисија.
(2) Државната изборна комисија е должна во рок од 24 часа од приемот на приговорот да донесе решение.
(3) Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 48 часа од денот на приемот на решението.
(4) Врховниот суд на Република Македонија е должен да постапи по жалбата во рок од 48 часа.

**2. Заштита на гласачкото право при спроведување на референдум на локално ниво**

**Член 65**

(1) Секој граѓанин има право да поднесе приговор поради неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во рок од 24 часа од денот на одржувањето на референдумот на локално ниво до Изборната комисија.
(2) Изборната комисија е должна во рок од 24 часа од приемот на приговорот да донесе решение.
(3) Против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба до основниот суд чија месна надлежност е за подрачјето на општината, односно градот Скопје во рок од 48 часа од денот на приемот на решението.
(4) Основниот суд е должен да постапи по жалбата во рок од 48 часа.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

# Обврски на граѓанските организации според Законот за фондации и здруженија на граѓани

## ЗАКОН ЗА ФОНДАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

### Име на организацијата
### Член 8

(1) Секоја организација регистрирана според одредбите на овој закон има име и скратено име ако тоа е предвидено со статутот и е запишано во Регистарот.
(2) Името и скратеното име на организацијата јасно се разликуваат од имињата на другите организации кои се запишани во Регистарот.
(3) Во името на:
- здружението е содржан зборот здружение или друг израз со слично значење определен со статутот на здружението,
- сојузот е содржан зборот сојуз или друг израз со слично значење определен со статутот на сојузот и
- фондацијата е содржан зборот фондација или друг израз со слично значење определен со статутот на фондацијата.
(4) Како име, скратено име и/или назив на организација не можат да бидат употребувани имиња, презимиња, прекари, псевдоними, кратенки и иницијали на лица кои по која било основа, начин или форма биле или се поврзани со расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстреминација, ширење или поддршка на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх.
(5) За прашањата за името кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредува име на фирма на трговско друштво.

### 8. Употреба на зборот ,,Македонија” или име на единица на локалната самоуправа
### Член 9

(1) Зборот ,,Македонија” и зборовите изведени од него како и неговите кратенки, може да се содржани во името на организацијата само со одобрение на Министерството за правда.
(2) Ако во името на организацијата се содржани зборови со името на општината, односно градот Скопје, одобрение дава надлежниот орган на општината, на општините во градот Скопје и градот Скопје.

### 8-а Употреба на име на историска личност
### Член 9-а

(1) За употреба на име, презиме, псевдоним, прекар,кратенка или иницијали на личност, согласност дава министерот за правда по претходно добиено

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

позитивно мислење од Комисијата за употреба на имињата на личности (во натамошниот текст: Комисија за употреба на имиња).

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

### 1. Независност

**Член 10**

Организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.

### 2. Јавност и транспарентност

**Член 11**

(1) Работата на организацијата е јавна.

(2) Јавноста на работењето на организацијата се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со статутот на организацијата.

### 3. Непрофитност

**Член 12**

(1) Организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка.

(2) Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот.

(3) Ако во работењето на организациите се оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот.

(4) Остварената добивка од ставот (3) на овој член не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.

### 4. Непартиско дејствување

**Член 13**

(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.

(2) Како влијание на избори во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

### 5. Иницијативи во јавниот живот

**Член 14**

Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи.

## 4. Статут и содржина на статутот

### Член 18

(1) Здружението има статут.

(2) Со статутот на здружението се уредуваат:

- името и седиштето,
- целите на здружението,
- дејностите со кои се остваруваат целите,
- начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението,
- правата, обврските и одговорностите на членовите,
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување,
- застапувањето по закон,
- начинот на стекнување и располагање со средствата,
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи,
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата,
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот,
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението,
- начинот на донесување на планови и програми,
- постапувањето со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението и
- други прашања утврдени со закон.

(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:

- знакот и симболот на здружението,
- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и слично), ако ги има,
- начинот на донесување на другите акти,
- судир на интереси,
- начин на разрешување на спорни прашања и
- други прашања од значење за работата на здружението.

## 5. Членување во здружение

### Член 19

(1) Членувањето во здружението е доброволно.

(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението.

(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

(4) Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови на здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

## 6. Регистар на членови

**Член 20**

(1) Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите.
(2) Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години.
(3) Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.
(4) Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

## 8. Собрание на здружението

**Член 22**

(1) Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.
(2) Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.

## 9. Надлежност на собранието

**Член 23**

Собранието:
- донесува статут, програма и други акти,
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- одлучува за промена на целта на здружението,
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението,
- избира и разрешува членови на органите,
- одлучува за статусните измени на здружението,
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**10. Работа на собранието**

**Член 24**

(1) Собранието работи на седници.

(2) Собранието, по правило, одржува седница најмалку еднаш годишно, а со статутот на здружението може да се определи и рок пократок од една година за одржување на седница.

(3) Вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на здружението.

(4) Вонредната седница на собранието од ставот (3) на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

(5) Начинот на свикување на собранието, работата и донесувањето на одлуките и одлучувањето без присуство, се уредуваат со статутот на здружението.

**11. Застапник на здружението**

**Член 25**

(1) Здружението има едно или повеќе лица овластени за застапување на здружението (во натамошниот текст: застапник) избран, односно именуван на начин утврден со статутот.

(2) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

(3) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.

**4. Решение за запишување**

**Член 43**

(1) Регистарот е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за запишување да донесе решение за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон.

(2) Решението за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон се доставува до подносителот на пријавата во рок од три дена од денот на донесувањето на решението.

(3) Со решението за запишување во Регистарот се доставува фотокопија од статутот заверен со печат на Регистарот.

(4) Со запишувањето во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон, организацијата се стекнува со својство на правно лице.

**Член 43-а**

Доколку регистарот со решение го одбил барањето за издавање на решение или пак не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

членот 43 став (1) од овој закон, подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Регистарот, односно по истекот на рокот од членот 43 став (1) од овој закон до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**5. Дополнување и одбивање**

**Член 44**

(1) Ако Регистарот утврди дека пријавата за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон не е во согласност со членот 42 од овој закон ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето.
(2) Ако во определениот рок подносителот на барањето за регистрација не постапи по укажувањето, Регистарот со решение ќе го одбие барањето за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон.

**6. Право на жалба**

**Член 45**

Против решението на Регистарот со кое е одбиено барањето за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон организацијата има право на жалба до Комисијата за жалби утврдена со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**7. Запишување за промена на податоци**

**Член 46**

(1) Организациите кои извршиле промена на податоците кои се впишуваат во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон се должни во рок од 30 дена од денот на извршените промени да поднесат пријава, непосредно, по пошта или во електронска форма, до Регистарот за запишување на промените.
(2) Пријава за извршените промени поднесува застапникот.
(3) Во пријавата од ставот (1) на овој член, застапникот од ставот (2) на овој член ќе го наведе начинот на кој ќе комуницира со институцијата, односно дали ќе комуницира усно, во писмена форма или во електронска форма.
(4) За запишување на промените на податоците во соодветниот регистар од членот 40 став (1) на овој закон се применуваат одредбите за запишување утврдени со овој закон.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

## 3. Употреба на средствата
### Член 50

(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.
(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.
(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.
(4) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите можат да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на организацијата во согласност со закон.
(5) Вработените имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

## 4. Одговорност за обврските
### Член 51

(1) Организациите одговараат за своите обврски со целиот свој имот и средства.
(2) Членовите на органите на организациите одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон организацијата, за злоупотреба на средствата на организацијата, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на организацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

## 5. Одговорност за штета
### Член 52

(1) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.
(2) Барање за надоместок на штета поднесува органот определен со статутот или највисокиот орган, ако со статутот не е определен орган.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**6. Извештаи за работа**
**Член 53**

(1) Организациите се должни на својата веб страница или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење.
(2) Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб страница или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.
(3) Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член, организациите се должни да ги објават најдоцна до 30 април за предходната година.

**1. Престанок на организацијата**
**Член 63**

(1) Организацијата престанува да постои ако е:
- донесена одлука за престанок на постоење во согласност со статутот,
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана,
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон,
- истечено е времето определено со статутот, кога основањето на организацијата е за определено време,
- статусна измена која предвидува престанок на постоењето,
- донесена одлука на надлежен суд,
- стечај и
- спроведена ликвидација.

(2) Организацијата може да престане и ако бројот на членовите на организацијата се намали под бројот определен за основање.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Учество на јавноста во процесот на изготвување закони и измени на закони

## МЕТОДОЛОГИЈА
## ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

### 2. Процес на спроведување на проценка на влијанието на регулативата

Основна цел на процесот на ПВР е да се обезбеди да се добијат релевантни и точни информации за позитивните и негативните влијанија од можните начини за решавање на проблемот, како и за предложениот начин за постигнување на целта заради која се предлага предлогот на закон. Квалитетното спроведување на процесот на ПВР придонесува кон ефективно и ефикасно спроведување на законот, а со тоа и остварување на политиките на Владата на Република Македонија.

Преку регулативата се гарантираат основните начела на демократското општество, почитување на основните слободи и права, а воедно се спроведуваат и реформи во општеството. Сепак, регулативата не е секогаш единствениот начин да се постигнат саканите цели. Во одредени случаи постојат и други мерки за постигнување на целта, како на пример информативни кампањи и обука, само-регулација во одредени области и други мерки, познати како нерегулаторни мерки. Процесот на ПВР овозможува реално согледување на потребата од регулаторно или нерегулаторно решавање на проблемот.

Процесот на ПВР обезбедува вклучување на засегнатите страни кои со релевантни информации можат значително да придонесат кон унапредување на квалитетот на регулативата. Со учеството на засегнатите страни се обезбедуваат можности за подобро спроведување и почитување на регулативата, додека пак објавувањето на резултатите од ПВР придонесува кон транспарентност на регулаторниот процес и работата на Владата на Република Македонија.

ПВР претставува составен дел од процесот на планирање, подготвување, следење и евалуација на политиките и регулативата во министерствата. Процесот на ПВР отпочнува уште во фазата на стратешко планирање и се спроведува пред подготвување на нацрт текстот на регулативата. Подолу е прикажан шематски приказ на процесот на ПВР.

### 2.1 Планирање на процесот за спроведување на ПВР

Процесот на планирање се врши во рамки на процесот за стратешко планирање кој се спроведува во министерствата. Согласно Методологијата за

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, министерствата ги планираат своите програми имајќи ги предвид стратешките приоритети на Владата, анализата на состојбите во областите за кои се надлежни, анализата на остварените резултати, обврските од стратешките документи (Национален развоен план, Спогодба за стабилизација и асоцијација, Партнерство за пристапување, Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија и други документи), како и целите и приоритетите на министерството.

Врз основа на овие анализи министерствата ги утврдуваат можните решенија за проблемите или состојбите кои биле констатирани во текот на анализата на состојбите во областите за кои се надлежни. Во оваа фаза, министерствата ги разгледуваат начините за спроведување на можните решенија и носат одлука дали е потребно донесување на нова или изменување на постојната регулатива.

Доколку во областа веќе постои закон или друг пропис, а постојните решенија не ги даваат саканите резултати, министерствата ги разгледуваат можностите за воведување на нерегулаторни мерки, наместо менување на регулативата или усвојување на нова регулатива.

Доколку се утврди дека најсоодветна опција за решавање на проблемот е донесување на нова регулатива или изменување на постојна регулатива, тогаш таквата иницијатива се вградува во предлогот за Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. За секоја предложена иницијатива, министерствата планираат соодветни финансиски средства и човечки ресурси неопходни за спроведување на регулативата.

При дефинирањето на иницијативите министерствата начелно утврдуваат каков ќе биде степенот на можни влијанија од предложената регулатива, кои засегнати страни ќе бидат вклучени, какви податоци ќе бидат неопходни за да се направат потребните анализи, како и ресурсите кои ќе бидат потребни за спроведување на процесот на ПВР.

Планирањето на спроведувањето на ПВР се врши врз основа на начелото за пропорционалност, односно колку е поголемо очекуваното влијание на предложената регулатива, толку е подетална и поопсежна ПВР која треба да се спроведе за соодветната предлог - регулатива.

Врз основа на горенаведените активности министерствата подготвуваат Годишен план за спроведување на ПВР кој се подготвува паралелно со подготвување на иницијативите за нацрт Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Во Годишниот план за спроведување на ПВР се дава преглед на потребните активности и динамиката за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон, прегледот на засегнатите

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

страни кои ќе бидат вклучени во процесот и се обезбедува навремена информација за засегнатите страни за нивно благовремено вклучување во процесот.

Годишниот план за спроведување на ПВР содржи информации за:
- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- месец на поднесување на предлогот на закон до Владата на Република Македонија (согласно Годишната програма за работа на Владата);
- временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон;
- потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР;
- засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот;
- начин на вклучување на засегнатите страни и
- временска рамка за спроведување на консултациите.

Министерството го објавува Годишниот план за спроведување на ПВР на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на Годишната програма за работа на Владата.

Министерствата го следат Годишниот план за спроведување на ПВР и го ажурираат во зависност од ажурирањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Ажурираните верзии на Годишниот план за спроведување на ПВР се објавуваат на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на ажурираната верзија на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

## 2.2. Спроведување на проценка на влијанието на регулативата

За да обезбеди навремено спроведување на процесот на ПВР за секој од предлозите на закони содржани во Годишниот план за спроведување на ПВР, министерствата треба да изработат план и динамика на активности.

Заради навремено информирање на засегнатите страни, министерствата најдоцна пет дена пред почетокот на процесот на ПВР објавуваат известување за почетокот на процесот и подготовка на предлогот на закон. Известувањето се објавува на веб страницата на министерството и на ЕНЕР со следниве информации:
- назив на министерството;
- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- временската рамка за изготвување на предлогот на закон;
- начинот на вклучување на засегнатите страни;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- најава за јавен увид и јавна расправа;
- електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР;
- поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии;
- одговорно лице за контакт во министерството
- други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон.

Од страна на министерствата се спроведуваат следниве чекори во текот на процесот на ПВР:

### 2.2.1 Анализа на состојбите, дефинирање на проблем и утврдување на цели

Врз основа на сознанијата од анализата на состојбите во текот на процесот на стратешко планирање, министерствата вршат детална анализа на состојбите за да се образложи суштината, природата и опсегот на проблемот. Преку оваа анализа се утврдуваат причините кои придонесуваат за постоење на проблемот, постојните прописи кои влијаат на проблемот и поврзаност со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Анализата се врши врз основа на прибрани податоци или извештаи на министерството и други органи на државната управа, податоци од локалната самоуправа, статистички податоци и преку контакти и консултации со засегнатите страни со цел да се утврдат докази за постоење на проблемот.

Врз основа на резултатите од анализата се дефинираат целите односно ефектите кои треба да се постигнат преку спроведување на предлогот на закон. Целите треба да бидат реално остварливи и поврзани со политиките и приоритетите на Владата, а се дефинираат што е можно поконкретно и во мерливи вредности. Дефинираните цели претставуваат основа за понатамошните анализи при утврдување на можните решенија и мерките за нивно постигнување.

### 2.2.2. Утврдување на можните решенија (опции)

Откако ќе се утврдат целите и ефектите кои предлогот на закон треба да ги постигне, од страна на министерствата се утврдуваат можните решенија (опции), односно инструменти преку кои можат да се постигнат целите. При дефинирањето на можните решенија, се разгледуваат и можностите за воведување на дополнителни, односно нерегулаторни мерки (инструменти) кои ќе придонесат за поефикасно спроведување на предлогот на закон и за соодветно остварување на дефинираните цели.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Министерствата треба да дефинираат најмалку три можни решенија (опции) од кои една е опцијата „не прави ништо". Кога со предлог регулативата треба да се решат посериозни проблеми, кога се воведуваат покрупни промени во одредена област или пак промените ќе зафатат неколку области тогаш треба да се разгледаат повеќе можни решенија (опции) преку комбинирање на регулаторни и нерегулаторни мерки (инструменти).

Како појдовна точка во утврдувањето на можните решенија (опциите) се зема опцијата "не прави ништо". Анализата на оваа опција има за цел да покаже како постојната ситуација би се развивала доколку Владата на Република Македонија не усвои соодветна регулатива или не воведе други мерки. Оваа опција обезбедува основа за споредба со другите можни решенија (опции).

Во случај кога анализирањето на опцијата "не прави ништо", ќе доведе до заклучок дека одреден претходно дефиниран проблем може да се реши со доследно спроведување на постојните прописи или нак преку воведување на нерегулаторни мерки, министерството подготвува Информација со која ја повлекува соодветната иницијатива од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија со образложение за причините за тоа и предлага други мерки за постигнување на целите.

### 2.2.3. Анализа на трошоците, влијанијата и придобивките од утврдените можни решенија (опции) и нивна споредба

При анализирањето на утврдените можни решенија (опции), се користат разни методи и аналитички алатки, како на пример анализа на трошоците и придобивките, анализа на трошоци и ефикасност, мулти - критериумска анализа, анализа на ризици, моделот на стандардни трошоци и други соодветни анализи. Утврдените можни решенија треба да се анализираат со користење на истите методи и аналитички алатки за да може потоа да се споредат.

Целта на анализите е да се добие јасна претстава за трошоците, позитивните и негативните влијанија и придобивките кои би произлегле од секое од можните решенија за да може да се утврди која од опциите ќе доведе до планираните цели со минимални трошоци (за буџетот, деловните субјекти и граѓаните) и несакани ефекти.

Секое од утврдените можни решенија можат да предизвикаат различен вид и степен на трошоци и влијанија кои се утврдуваат што е можно попрецизно.
При анализата треба да се утврдат:
- трошоците/добивката за буџетот;
- трошоците за деловните субјекти, особено за малите и средните претпријатија, други групи и граѓаните (во зависност од тоа на кого се однесува предлогот на закон);

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- влијанијата врз економијата, социјалните влијанија, влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето, како и други видови влијанија во зависност од обласа; трошоците и ресурсите потребни за спроведување, следење и контрола, како и евалуација на секое од можните решенија;
- прифаќањето/отпорот кој може да се јави при спроведувањето и
- негативните или несаканите ефекти и влијанија.

Врз основа на споредба помеѓу утврдените можни решенија (опции), од страна на министерството се предлага решението кое најефективно ќе придонесе кон остварување на утврдените цели на предлогот на закон и ќе се постигнат придобивките со најмалку трошоци и несакани ефекти. Врз основа на предложеното решение се подготвува текстот на предлогот на закон.

### 2.2.4. Планирање на начинот на спроведување, следење и евалуација

По извршената анализа на можните решенија (опции), извршените консултации со засегнатите страни согласно точка 4 од оваа методологија и подготвување на предлогот на закон, министерствата начелно ги анализираат сите аспекти што се однесуваат на спроведување на предложеното можно решение.

Целта е да се даде општ преглед на механизмите и активностите за спроведување, следење и евалуација на препорачаното решение (опција) и предлогот на закон, при што начелно се утврдуваат:
- тезите на подзаконските акти кои треба да се усвојат (доколку е потребно) за да се спроведе предлогот на закон;
- потребните буџетски средства за спроведување на законот (обезбедување на дополнителни човечки ресурси, опрема, простории и друго, доколку е потребно);
- органите на државната управа кои ќе бидат надлежни или вклучени во спроведувањето;
- активностите кои треба да ги преземе секој од органите во смисла на градење на канацитети за спроведување на предлогот на закон (едукација и обуки, семинари, насоки и сл.);
- начинот на следење и индикаторите за мерење на степенот на спроведување на мерките предвидени со предлогот на закон и постигнувањето на утврдените цели и
- механизмите и начелните рокови за евалуација на законот.

По донесување на законот во Собранието на Република Македонија, министерствата подготвуваат детален план за спроведување, следење и евалуација на законот.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

## 4. Консултации со засегнатите страни

### 4.1. Цел на консултациите

Консултациите со засегнатите страни претставуваат составен дел од процесот на ПВР и се важен механизам за подобрување на квалитетот на регулативата и унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на предвидените мерки. Консултациите придонесуваат кон поголема транспарентност во работата на Владата и процесот на одлучување со што се јакнат основните механизми на демократијата.

Министерствата треба да обезбедат вклучување на засегнатите страни во текот на целиот процес на ПВР, а особено:
- во фазата на анализа на состојбите, дефинирање на проблемот и утврдување на потребата од воведување на регулатива, консултациите претставуваат корисен метод за прибирање на информации за постојните проблеми или искуствата со спроведување на важечката регулатива;
- во фазата на утврдување на можните решенија (опции) и нивно споредување, консултациите треба да се спроведат откако надлежното министерство ги утврдило и ги поставило основите на можните решенија (опции). Предмет на консултациите се опциите, нивната спроведливост и исплатливост и можните влијанија;
- во фазата на проценка на можните влијанија од предложените можни решенија (опции), целта на консултациите е да се оцени точноста на претпоставките за можните влијанија, ризици, придобивки и ефекти.

Постојат две групи на засегнати страни и тоа: „внатрешни" засегнати страни каде спаѓаат министерствата и другите органи на државната управа, управни организации и други државни органи кои можат да имаат поделена надлежност или интерес во предлог регулативата, и „надворешни" каде спаѓаат деловните субјекти, синдикати, невладини организации, здруженија и фондации, групи на граѓани и граѓаните кои се засегнати или на кои директно се однесува предлог регулативата. Во зависност од која груна на засегнати страни е вклучена во консултациите и фазата во процесот на ПВР, се применуваат разни начини на вклучување и прибирање на мислења, сугестии и предлози од засегнатите страни.

### 4.2. Начин на спроведување на консултации со засегнатите страни

Министерствата го планираат вклучувањето на засегнатите страни уште во фазата на стратешко планирање и подготвување на иницијативите за Годишната програма за работа на Владата и изработка на Годишниот план за спроведување на ПВР.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Во текот на процесот на ПВР, министерствата благовремено прибираат мислења од соодветните засегнати страни, а особено во однос на можните решенија (опции) за решавање на проблемот и можните влијанија, трошоците и придобивките од секое од можните решенија.

При изборот на оптималното решение, министерствата го земаат предвид мислењето од засегнатите страни. Преглед на целиот процес и резултатите од консултациите со засегнатите страни се дава во соодветното поглавје на Извештајот за ПВР.

**УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

**4. КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ**

**Член 21**

Во зависност од содржината на предлогот на закон и можните влијанија (економски, социјални и врз животната средина) од страна на министерствата се утврдуваат засегнатите страни кои треба да бидат вклучени или консултирани во процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон. Вклучување на засегнатите страни се обезбедува во текот на целиот процес, почнувајќи од фазата на планирање, спроведување на процесот на ПВР и подготвување на предлогот на закон.

**Член 22**

Со засегнатите страни се вршат консултации: по предлогот на закон, по одредени прашања, за можни решенија (опции) или за утврдување на влијанија од предлогот на закон.

Во зависност од очекуваните влијанија на предлог на закон, се утврдуваат еден или повеќе начини за вклучување и консултации со засегнатите страни.

Консултациите со засегнатите страни можат да се вршат на некои од следниве начини:
- јавен увид на предлогот на закон;
- јавни расправи;
- барање за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни;
- учество во работни групи формирани од страна на министерството или Владата на Република Македонија;
- состаноци со засегнатите страни;
- јавни дебати по одредени прашања преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталите ЕНЕР и Е-демократија.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**Член 23**

Со цел структурирани и ефективни консултации со засегнатите страни, од страна на министерствата можат да се подготват прашања, односно теми на кои се води дискусијата или се прибираат мислења, забелешки и сугестии.

Прашањата, односно темите од ставот 1 на овој член се формулираат на јасен и едноставен јазик, разбирлив за сите засегнати страни.

**Член 24**

Од страна на министерствата може да се одржи јавна расправа во текот на процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон.

Заради одржување на јавна расправа, предлогот на закон се става на јавен увид и се издава повик за јавен увид.

Во повикот од ставот 2 на овој член се наведуваат:
- називот на предлогот на закон,
- почетниот и крајниот рок на јавниот увид,
- местото, односно УРЛ адресата на ЕНЕР и веб-страницата на министерството каде засегнатите страни можат да извршат јавен увид и
- датумот на одржувањето на јавната расправа.

Повикот за јавниот увид се објавува на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

Во зависност од сложеноста на прашањата кои се уредуваат со предлогот на закон, од страна на министерствата се дефинира рокот за спроведување на јавниот увид, кој не треба да биде пократок од 15 денови.

Јавната расправа се одржува по истекот на рокот за јавниот увид.

Од страна на министерствата, најмалку пет дена пред одржување на јавната расправа, се доставуваат покани до засегнатите страни за учество во јавната расправа писмено и/или по електронска пошта и преку објавување на покана на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

**Член 25**

Од спроведениот процес на консултации со засегнатите страни во Извештајот на ПВР се внесуваат:
- информациите за начинот на вклучување на засегнатите страни;
- податоците за засегнатите страни кои учествувале во процесот;
- ставовите искажани во текот на јавните расправи, односно мислењата, забелешките и сугестиите добиени по писмен пат или објавени на ЕНЕР и порталот Е-демократија;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- мислењата, забелешките и сугестиите кои биле вградени во предлогот на закон и
- мислењата, забелешките и сугестиите кои не биле прифатени од страна на министерството и образложение за причините.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.




Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

# Спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина и учество на јавноста

## ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 77
### Проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува проектите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина, за други, генерално определени проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, како и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потреба од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина при настанување на промени на постојни објекти.

(2) Потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина се утврдува и со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, обемот и локацијата согласно со критериумите од ставот (1) на овој член, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.

### Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина

Извадок од Прилог I на Уредбата за проекти за кои задолжително се спроведува оцена на влијанијата врз животната средина: поставување далекиводи и други електроенергетски објекти со 110 kV или повисоко напонско ниво и со должина повеќе од 15 km, термо-електрични централи и други инсталации за согорување, со топлински капацитет од 200 MW или повеќе, инсталации за примарно топење на железо и челик, вклучувајќи и лиење и производство на сурови обоени метали од руда, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски процес, инсталации за депонирање на отпад, за горење, согорување и физички и хемиски третман, инсталации за производство на цемент итн.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 80**

**Известување за намерата за изведување на проектот**

(1) Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членовите 77 и 78 став (1) алинеја 2 од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (во натамошниот текст: известување).

(2) Инвеститорот е должен известувањето од ставот (1) на овој член да го поднесе до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена од денот на приемот на целосното известување, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1 од овој закон.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува информациите што треба да ги содржи известувањето. Пропишаните информации треба да бидат доволни за органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да може да ја утврди потребата од оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

**Член 81**

**Постапка за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина**

(1) Постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина се врши за проекти определени согласно со членот 77 од овој закон.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ја заврши постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во рок

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

од 30 дена од денот на приемот на известувањето во целост, според членот 80 од овој закон.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение го известува инвеститорот за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Врз основа на известувањето, инвеститорот поднесува барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.
(5) Решението од ставот (4) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, на начин определен во членот 90 став (1) точка 2 од овој закон.
(6) Против решението од ставот (4) на овој член, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.
(7) Правното и физичкото лице од членот 80 став (1) на овој закон, може при поднесувањето на известувањето за намерата за изведување на проектот да побара органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, истовремено да поднесе и барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина од ставот (4) на овој член.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува заедничко решение во кое е содржано и мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 82 на овој закон.

**Правилник за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина**

**Член 2**
**Содржина на известувањето за намерата за изведување на проектот**
(1) Известувањето за намерата за изведување на проект ги содржи следниве информации:
1. Информации за инвеститорот;
- името и презимето на инвеститорот;
- поштенска адреса на седиштето;
- телефон, факс и адреса на електронската пошта на инвеститорот; и
- името и презимето на назначеното лице за контакт и негова поштенска адреса, телефон, факс и адреса на електронската пошта.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

2. Карактеристики на проектот;
- се наведува категоријата во која спаѓа предложениот проект (Прилог I или Прилог II од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 74/05);
- причините поради кои се смета дека не е неопходна оценка на влијанието врз животната средина; краток опис на предложениот проект вклучувајќи го и предложениот капацитет или големина на проектот;
- опис на главните процеси вклучително и големина, капацитет, капацитет на производство, вложени ресурси на почетокот од процесот и произведена количина; причини за предлагање на проектот; план на кој се прикажани границите на градежната зона, вклучително и земјиштето што е времено потребно за време на изградбата; просторната форма на градежната зона (изглед, градежни објекти, други објекти, градежни материјали итн.);
- евентуални нови зафати во врска со пристапот до градежната зона или измени во постојната поставеност на јавните патишта; работна програма за фазите на изградба, работење и пуштање во употреба, како и за враќање во поранешната состојба и активности по завршување на градбата во случаите каде е потребно; методи на градба;
- ресурси што се користат во изградбата и работењето (материјали, вода, енергија итн.); врските со други постојни или планирани проекти; информации за алтернативите што се земени во предвид;
- информации за мерките за намалување на негативните влијанија; други активности што може да произлезат како последица од проектот (на пр. експлоатација на минерални суровини, обезбедување на ново водоснабдување, создавање или пренос на електрична енергија, зголемен број населби и канализација);
- податоци за евентуални други согласности потребни за проектот; и наведување на други консултирани страни до кои се испраќа известувањето.
3. Локација на проектот;
- општината во која се планира да се изгради објектот;
- локација на проектот вклучително адреса и број на парцела;
- мапи и фотографии што ја покажуваат локацијата на проектот во однос на физичко-географските карактеристики,
- природните и антрополошките карактеристики кои го опкружуваат; намена на земјиштето на или веднаш до локацијата и евентуални идни планирани намени на земјиштето;
- зонирање или намена за употреба на земјиштето;
- карактеристики на заштитени подрачја;
- чувствителни области; и
- податоци за евентуални алтернативни локации кои биле земени предвид.
4. Карактеристики на можното влијание;

- посочување на потенцијални емисии во вода, воздух и почва;
- влијанија врз луѓето, човековото здравје, биолошката разновидност, почвата, намена на земјиштето, материјалните добра, квалитетот на водата и хидрологијата, квалитетот на воздухот, климата, бучавата и вибрациите, пределот и визуелното опкружување, природното, културното и историското наследство, како и нивните меѓусебни влијанија;
- карактерот на влијанијата (т.е. директни, индиректни, секундарни, кумулативни, краткорочни, среднорочни, долгорочни, трајни, привремени, позитивни, негативни);
- размерот на влијанието (географска област, големина на засегнатото население/живеалиште/видови);
- големина и опсег на влијанието;
- веројатност на влијанието;
- времетраење, честота и реверзибилност на влијанието;
- мерки вклучени во проектниот нацрт за намалување, избегнување или неутрализирање на поголемите негативни влијанија; и
- прекугранично влијание.
5. Дополнителни информации.
- наведување на органот на државната управа надлежен за издавање дозвола односно решение за спроведување на проектот;
- датум на известувањето;
- во случаите каде е различен од инвеститорот - името, презимето, адресата и телефонскиот број на лицето кое го изготвува известувањето и на лицата кои учествуваат во неговото изготвување;
- потпис на лицето кое го изготвува известувањето со кој се потврдува автентичноста на информациите содржани во него;
- преглед со кој се утврдува потребата од оценка на влијанието врз животната средина;
(2) Во согласност со укажувањата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, бројот на копии што треба да ги обезбеди инвеститорот е еднаков на бројот на органите на државната управа кои учествуваат во постапката,којшто може да варира од една до друга постапка за оценка на влијанието врз животната средина.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 82**
**Определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина**

(1) Врз основа на барањето за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина и видот на проектот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

го определува обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина при определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина задолжително се консултира со инвеститорот и со општината, со градот Скопје и со општините во градот Скопје на чие подрачје треба да се спроведува проектот, како и другите релевантни органи на државната управа и институции, кои се должни да дадат информации и мислења во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за консултација.
(3) За определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да овласти лица од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон.
(4) При изготвувањето на мислењето за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги зема предвид мислењата на инвеститорот и мислењата добиени согласно со ставот (2) од овој член од овој закон.
(5) Мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина особено треба да ги содржи:
- алтернативите кои треба да се земат предвид,
- основниот преглед и истражувањата кои треба да се направат,
- методите и критериумите кои се користат за предвидување и за процена на ефектите,
- мерките за подобрување кои треба да се земат предвид,
- правните лица кои треба да бидат консултирани за време на подготовката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и
- структурата, содржината и должината на информациите за животната средина.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може и покрај определувањето на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во натамошната постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, да бара дополнителни информации доколку оцени дека е потребно, како и да побара информациите да бидат составени на начин кој соодветствува на современите знаења и методи на процена.
(7) Мислењето од ставот (5) на овој член се објавува во рок од пет дена од денот на донесувањето согласно со членот 90 став (1) точка 7 од овој закон.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 83**

**Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина**

(1) Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да ја достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во писмена и во електронска форма.

(2) Инвеститорот кој ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет. Доколку студијата се изработува од повеќе лица, други експерти или правно лице, инвеститорот назначува најмалку едно лице од Листата на експерти кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет.

(3) Органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои поседуваат информации релевантни за изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, се должни тие информации, на барање на инвеститорот, да му ги направат достапни, во согласност со членот 51 став (1) и членот 53 од овој закон.

(4) Во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на начин определен во членот 90 став 1 точка 3 од овој закон и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот.

(5) Секое лице, органите на државната управа, градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, можат да го доставаат своето мислење, во писмена форма, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот од ставот (5) на овој член.

(7) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека доставената студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не ги содржи барањата пропишани согласно со членот 84 од овој закон, му ја враќа на инвеститорот и определува рок за дополнување или преработка, што не може да биде подолг од 40 дена, почнувајќи од денот на приемот на студијата.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

(8) Ако инвеститорот не ја дополни студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со ставот (7) од овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја доставува студијата до лицето кое согласно со членот 86 од овој закон, е определено да го подготви извештајот за влијанието на проектот врз животната средина.

**Член 84**
**Содржина на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

**Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина**

**Член 2**

Студијата за оценката на влијанието врз животната средина треба да ги исполнува следните барања:
- Да содржи опис на проектот заедно со информации за локацијата, карактерот и големината на проектот и на потребната земјишна површина;
- Да содржи опис на животната средина и на нејзините медиуми на локацијата;
- Да содржи опис на природното, културното и историското наследство и на пределот;
- Да содржи опис на видот и количините очекувани емисии, особено на емисиите во воздухот и отпадните води, цврстиот отпад, како и други информации потребни за евалуација на поголемите влијанија на проектот врз животната средина;
- Да содржи опис на мерките за спречување, намалување и елиминирање на влијанието врз животната средина, како и на мерките за враќање во поранешната состојба;
- Да содржи опис на влијанијата на проектот врз животната средина имајќи го предвид нивото на развој на науката и прифатените методи за евалуација;
- Да содржи опис на карактеристиките на технологијата која се користи;
- Да содржи опис на алтернативните решенија за реализација на проектот што инвеститорот ги имал предвид и главните причини за избирање на предложената алтернатива; секогаш се вклучува и нултата алтернатива;
- Да содржи резиме на доставената студија без технички детали;

- Да содржи анализа на потешкотиите (технички недостатоци или недостиг на знаења) со кои инвеститорот или експертот биле соочени за време на подготовката на студијата; и
- Да содржи предлог за големината и карактеристиките на промената поради која е потребно да се ажурира студијата за оценката на влијанието врз животната средина.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 86**
**Извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина**

(1) Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, го изготвува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или од него овластени лица коишто се наоѓаат во Листата на експерти за оцена на влијанија на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) на овој закон.
(2) Лицето коешто се наоѓа на Листата од членот 85 став (1) на овој закон доколку го изготвил известувањето за намерата за спроведување на проектот, или мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или студијата за оцена на влијанието врз животната средина, нема право да го изготвува извештајот од ставот (1) на овој член.
(3) Изготвувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и врз основа на мислењата доставени во врска со студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(4) Со извештајот од ставот (1) на овој член, се утврдува дали студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој закон и ги предлага условите кои треба да се утврдат со дозволата за спроведување на проектот, како и мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија.
(5) Рокот за подготовка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не може да биде подолг од 60 дена од денот кога е доставена студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина заедно со мислењата по студијата.
(6) Рокот утврден во ставот (5) од овој член може да биде продолжен од оправдани причини, особено во сложени случаи, но не повеќе од 30 дена.
(7) Доколку при подготовката на извештајот од ставот (1) на овој член е утврдено дека постојат одредени недостатоци во студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му ја враќа студијата на инвеститорот, кој треба да ја дополни или да ја доработи во рок не подолг

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

од 30 дена. Кога извештајот се подготвува од овластено лице од ставот (1) на овој член, истото нема право да ја дополнува или да ја доработува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(8) Инвеститорот е должен, на свој трошок, да ги обезбеди документите користени при изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето за обезбедување на документите.
(9) Лицето од ставот (1) на овој член го доставува извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во пишана форма.
(10) Во рок од пет работни дена од денот на изготвувањето на извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува извештајот до органите на државната управа кои се надлежни за вршењето на дејностите на кои се однесува проектот и до органите на општината или на градот Скопје на чиешто подрачје се предвидува да се спроведува проектот и го објавува извештајот на начинот определен со членот 90 став (1) точка 4 од овој закон.
(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува постапката за овластување на лицата од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кои ќе го изготват извештајот од ставот (1) на овој член.

**Член 87**

**Решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот**

(1) Врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, јавната расправа од членот 91 на овој закон и добиените мислења, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 40 дена од денот на поднесувањето на извештајот од членот 86 на овој закон, носи решение со коешто дава согласност или го одбива барањето за спроведување на проектот (во натамошниот текст: решение).
(2) Решението содржи оцена за тоа дали студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

закон и условите за издавање на дозволата за спроведување на проектот согласно со членот 88 од овој закон, како и мерки за спречување и за намалување на штетните влијанија, а посебно:
- спречување на штетните влијанија врз животната средина како резултат на изведувањето на проектот,
- спречување, ограничување, ублажување или намалување на штетните влијанија,
- зголемување на поволните влијанија врз животната средина, како резултат на спроведувањето на проектот и
- процена на очекуваните ефекти од предложените мерки.
(3) Во рок од пет работни дена од денот на донесувањето на решението од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува решението до инвеститорот, до органот на државната управа надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот и до општината или градот Скопје на чиешто подрачје би требало да се спроведува проектот.
(4) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, во согласност со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон.
(5) Решението од ставот (1) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот. На барање на инвеститорот, важноста на решението може да се продолжи само доколку во периодот од две години нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија, што би можела да биде употребена во проектот.

**Член 88**
**Правното дејство на решението**

(1) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијание врз животната средина, нема да издаде дозвола, односно решение за спроведување на проектот доколку инвеститорот не го приложи решението од членот 87 на овој закон со коешто се дава согласност за спроведување на проектот или решението од членот 81 став (4) на овој закон со кое за проектот не се спроведува оцена на влијанијата врз животната средина, односно одлуката на Владата на Република Македонија донесена во врска со проектите од членот 78 став (1) алинеја 2 на овој закон.
(2) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијанието врз животната средина, е должен веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за поднесените

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

барања за спроведување на проекти за кои не е направена оцена на влијанијата врз животната средина, а кои се определени согласно со членовите 77 и 78 став (1) од овој закон.
(3) Дозволата или решението за спроведување на проект издадена спротивно од ставот (1) на овој член се смета за ништовна.

**Член 89**
**Остварување на правата на засегнатите правни и физички лица**

(1) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението од членот 87 став (1) на овој закон до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението, согласно со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон.
(2) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението од членот 87 став (1) на овој закон до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на решението доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не постапувала во согласност со членовите 90 став (1) и 91 од овој закон.
(3) Инвеститорот има право на надомест на штетата, согласно со општите прописи за надомест на штета, доколку дозволата или решението со коешто се дава согласност за спроведување на проектот е поништено, затоа што било издадено спротивно на постапката пропишана со овој закон.
(4) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право, пред надлежниот суд, да поднесат барање за преземање привремена мерка забрана за спроведување на проектот во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на дозволата, односно решението за спроведување на проектот од членот 88 став (1) на овој закон.

**Член 90**
**Достапноста на документите и на информациите за оцената на влијанијата врз животната средина до јавноста**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави:
1) известувањето од членот 80 став (1) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

2) решението од членот 81 став (4) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
3) дека студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон е подготвена и достапна за јавноста во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на локалната радио и ТВ-станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
4) извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 86 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
5) решението од членот 87 став (1) на овој закон со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и
6) местото и времето на одржување на јавната расправа од членот 91 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на локалната радио и ТВ-станица.
7) кратка содржина на мислењето од членот 82 став (5) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на Интернет страницата, како и на огласна табла на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во случаите од членот 93 на овој закон, информациите од ставот (1) на овој член ги доставува до надлежниот орган на засегната држава во согласност со членот 93 од овој закон.
(3) Како ден кога е објавена информацијата се смета денот на последното објавување на информацијата, на еден од начините определни во ставот (1) од овој член.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ќе ја пропише содржината на објавата на документите од ставот (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 7 на овој член, како и начинот на консултирање на јавноста од членот 91 на овој закон.
(5) Кога со закон или пропис донесен врз основа на закон е загарантирана доверливоста на трговските и индустриските информации, информациите за интелектуална и индустриска сопственост, вклучувајќи ги информациите од

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

заштита на јавниот интерес, надлежните органи се должни да ја почитуваат доверливоста при постапувањето согласно со ставовите (1) и (2) од овој член, како и при спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина.

**Правилник за содржина на објавата на известувањето за намерата за спроведување на проект, на решението за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и на решението со кое се дава согласност или се одбива спроведувањето на проектот, како и начин на консултирање на јавноста**

**Член 7**
**Начин на консултации со јавноста**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, инвеститорот и лицата кои ја подготвувале студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина одговараат на прашањата поставени од јавноста во текот на јавната расправа.
(2) Доколку на јавната расправа не можат одредени прашања да се одговорат веднаш, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина одговорите на тие прашања ги доставува писмено до заинтересираните страни или ги објавува на интернет страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 91**
**Јавна расправа**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да обезбеди одржување на јавна расправа, најмалку пет работни дена пред истекувањето на рокот од членот 86 став (5) на овој закон по однос на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да обезбеди достапност на информациите кои н се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, во согласност со членот 90 од овој закон, како и да ги извести здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да ја одложи јавната расправа, доколку на неа не

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

учествуваат инвеститорот, лицата кои ја подготвувале студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и во тој случај е должен да определи нов термин, најмалку пет работни дена од денот кога е прекината јавната расправа.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води записник од јавната расправа во кој се наведуваат учесниците, како и заклучоците, а кон записникот се приложуваат стенографски белешки и аудио или видео запис од расправата.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен до инвеститорот, до органите на државната управа надлежни за дејностите на кои се однесува проектот и до органите на општината, на градот Скопје или на општините во градот Скопје, на чиешто подрачје се предвидува да се спроведува проектот, да достави примерок од записникот, заедно со прилозите, како и да го објави записникот на својата Интернет страница.
(5) На јавната расправа нема да се расправа за информациите кои се заштитени со посебни прописи.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Издавање на интегрирани еколошки дозволи и учество на јавноста во процесот на издавање на дозволите

## ЗАКОН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Член 95**
**Општа одредба**

(1) Активностите на новите инсталации или значителните промени на постоечките, кои ги определува Владата на Република Северна Македонија, можат да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола освен, ако:
- инсталацијата се дефинира како постоечка според членот 5 точка 36 од овој закон во кој случај се применува членот 134 од овој закон и
- операторот на инсталацијата која започнува со работа пред 31 декември 2009 година одлучил да поднесе барање за дозвола за усогласување со оперативен план, во согласност со временскиот распоред од членот 135 став (5) на овој закон и со одредбите од Главата XIV на овој закон.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава како А-интегрирана еколошка дозвола, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Б-интегрирана еколошка дозвола, која ја издаваат општината или градот Скопје или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кога се работи за инсталација која се наоѓа во заштитено подрачје, согласно со членот 123 од овој закон.

## А-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

**Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план**

**ПРИЛОГ 1. Активности на инсталации за кои е потребна А - интегрирана еколошка дозвола**

**1. Енергетика**
1.1. Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 50 MW;
1.2. Рафинерии за минерална нафта и гас;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

1.3. Инсталации за гасификација и втечнување на јаглен.

**2. Производство и преработка на метали**

2.1. Инсталации за пржење или за синтерување метални руди (вклучувајќи ја сулфидната руда);

2.2. Инсталации за производство на сурово железо или челик (примарно или секундарно топење), вклучувајќи и леење, со капацитет над 2,5 t/h;

2.3. Инсталации за обработка на ферометалите:

(а) валавници со капацитет над 20 т/х суров челик;

(б) ковачници со чекани чијашто енергија надминува 50 KJ по чекан, при што користената топлинска моќ надминува 20 MW;

(в) нанесување заштитни слоеви од растопен метал со влез поголем од над 2 тона суров челик на час;

2.4. Леарници за ферометали со производствен капацитет над 20 t/ден;

2.5. Инсталации

(а) за производство на обоени метали од руда, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски процеси;

(б) за топење, вклучувајќи и легирање, на обоени метали, вклучувајќи ги повторно добиените производи (рафинација, леење ливови итн.), со капацитет на топење над 4 t/ден за олово и кадмиум или 20 t/ден за сите други метали;

2.6. Инсталации за површинска обработка на метали и на пластични материјали со електролитски или со хемиски процес, доколку волуменот на процесните резервоари надминува 30 m 3 ;

**3. Индустрија на минерали**

3.1. Инсталации за производство на цементен клинкер во ротациони печки со производствен капацитет над 500 t/ден, инсталации за производство на вар во ротациони печки со производствен капацитет над 50 т/ден или во други печки со производствен капацитет поголем над 50 t/ден;

3.2. Инсталации за производство на стакло, вклучувајќи и стаклено влакно, со капацитет на топење над 20 t/ден;

3.3. Инсталации за топење на минерални материи, вклучувајќи и производство на минерални влакна, со капацитет на топење над 20 t/ден;

3.4. Инсталации за производство на керамички производи со печење, пред се ќерамиди, тули, огноотпорни тули, плочки, каменина или порцелан, со производствен капацитет над 75 t/ден и/или со капацитет на печка над 4 m 3 и со насипна густина над 300 kg/m 3 по печка;

3.5. Стационарни асфалтни бази;

3.6. Инсталации за производство на азбест и азбестни производи.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**4. Хемиска индустрија**

Производство, во смисла на категориите на дејности опфатени со овој дел, е производство во индустриски размери, со хемиска обработка на материите или на групите материи наведени во деловите 4.1 до 4.6

4.1. Хемиски инсталации за производство на базични органски хемикалии, како што се:

(а) прости хидрокарбонати (линеарни или циклични, заситени или незаситени, алифатични или ароматични);

(б) хидрокарбонати што содржат кислород, како што се: алкохоли, алдехиди, кетони, карбоксилни киселини, естри, ацетати, етери, пероксиди, епоксилни смоли;

(в) сулферести хидрокарбонати;

(г) азотни хидрокарбонати, како што се: амини, амиди, азотести соединенија, нитросоединенија или нитратни соединенија, нитрили, цијанити, изоцијанати;

(д) хидрокарбонати што содржат фосфор;

(ѓ) халогени хидрокарбонати;

(е) органометални соединенија;

(ж) базични пластични материјали (полимери, синтетички влакна и влакна на база на целулоза);

(з) синтетички гуми;

(ѕ) бои и пигменти;

(и) површински активни материи и сурфактанати.

4.2. Хемиски инсталации за производство на базични неоргански хемикалии, како што се:

(а) гасови, како што се: амонијак, хлор или хидрогенхлорид, флуор или хидрогенфлорид, јаглеродни оксиди, сулфурни соединенија, азотни оксиди, водород, сулфурдиоксид, карбонилхлорид;

(б) киселини, како што се: хромна киселина, флуороводородна киселина, фосфорна киселина, азотна киселина, хлороводородна киселина, сулфурна киселина, олеум, сулфуреста киселина;

(в) бази, како што се: амониумхидроксид, калиумхидроксид, натриумхидроксид;

(г) соли како што се: амониумхлорид, калиумхлорат, калиумкарбонат, натриумкарбонат, перборат, сребронитрат;

(д) неметали, метални оксиди или други неоргански соединенија, како што се: калциумкарбид, силициум, силициумкарбид.

4.3. Хемиски инсталации за производство на вештачки ѓубрива на база на фосфор, азот или калиум (прост ии сложени ѓубрива).

4.4. Хемиски инсталации за производство на основни производи за заштита на растенија и биоциди.

4.5. Инсталации кои користат хемиски или биолошки процес за производство на базични фармацевтски производи.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

4.6. Хемиски инсталации за производство на експлозиви.

**5. Постапување со отпадот**

5.1. Инсталации за депонирање, рециклирање и/или согорување на опасниот отпад, со капацитет над 10 t/ден.

5.2. Инсталации за согорување на комуналниот отпад, со капацитет над 3 t/h.

5.3. Исталации за депонирање на неопасен отпад со капацитет над 50 t/ден.

5.4. Депонии со влез за над 10 t/ден или депонии чијшто вкупен капацитет надминување 25.000 t, со исклучок на депониите за инертен отпад.

5.5 Инсталации за согорување на животински трупови.

5.6 Инсталации за управување со отпад од рудници

**6. Други дејности**

6.1. Индустриски постројки за производство на:

(а) пулпа од дрвена граѓа или од други влакнести материјали;

(б) хартија и картон, со производствен капацитет над 20 т/ден;

6.2. Инсталации за претходна обработка (операции како што се: миење, белење, мерцеризирање) или боење на влакна или на ткаенини, со капацитет на обработка над 10 t/ден.

6.3. Инсталации за штавење сурова кожа и кожа, со капацитет на обработка над 12 t/ден готов производ.

6.4. (а) Кланици со капацитет на производство на трупови поголем од 50 t/ден.

(б) Обработка и преработка наменети за производство на храна од:

- животински суровини (освен млекото), со капацитет на производство на готови производи над 75 t/ден;

- растителни суровини, со капацитет на производство на готови производи над 300 t/ден (просечна вредност на квартална основа);

(в) Обработка и преработка на млеко, при што количеството на влезеното млеко надминува 200 t/ден (просечна вредност на годишна основа).

6.5. Инсталации за депонирање или за рециклирање на животински трупови и на животински отпад, со капацитет на обработка поголем од 10 t/ден.

6.6. Инсталации за интензивно живинарство или за свињарство со повеќе од:

(а) 40.000 места за живина;

(б) 2.000 места за гоење свињи (над 30 kg); или

(в) 750 места за маторици.

6.7. Инсталации за површинска обработка на материјали, предмети или производи во кои се користат органски растворувачи, пред се за превлекување, печатење, премачкување, одмастување, постигнување водоотпорност, премачкување со туткал, бојосување, чистење или импрегнирање, со капацитет на потрошувачката повеќе од 150 kg на час или повеќе од 200 тони годишно.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

6.8. Инсталации за производство на јаглерод (согорен камен јаглен) или електрографит со согорување или со графитизација.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 96**

**Барање за А-интегрирана еколошка дозвола**

(1) Барањето за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола "(во натамошниот текст: барање) се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот на кој се поднесува барањето и документацијата која се приложува кон барањето од ставот (1) на овој член.

**Член 98**

**Усогласување во врска со барањето**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена, да достави по еден примерок од комплетното барање по коешто се постапува, до:
- органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството,
- органите на државната управа надлежни за активностите кои би се вршеле во инсталацијата (во натамошниот текст: другите надлежни органи) и
- општината или градот Скопје на чиешто подрачје се изведува инсталацијата.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, врз основа на нивно писмено барање, да го стави на располагање барањето на здруженијата на граѓани основани заради заштита и унапредување на животната средина.
(3) Органите од ставот (1) алинеи 1, 2, и 3 на овој член имаат право да доставуваат свои мислења и забелешки по однос на барањето и условите утврдени во нацртот А интегрираната еколошка дозвола согласно со одредбите од овој закон кои се однесуваат за учество на јавноста.

**Член 99**

**Објавување на барањето за А-интегрираната еколошка дозвола**

(1) Во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата Интернет

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

страница. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на објавата од ставот (1) на овој член.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на барањето, да и обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите, во согласност со одредбите од овој закон.

**Член 100**
**Права и обврски на општината и градот Скопје во однос на барањето**

(1) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни во рок од 30 дена од приемот на барањето, кое им е доставено во согласност со членот 98 став (1) од овој закон на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да му достават мислење, во писмена форма, во однос на наводите содржани во барањето.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, врз основа на писмено барање, на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, во рок од 15 дена, да им ги достави или да им ги направи достапни сите информации потребни за оформување на мислењето од ставот (1) на овој лен.
(3) Рокот потребен за доставување на информациите од ставот (2) на овој член не се вклучува во рокот утврден во ставот (1) од овој член.
(4) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, во рамките на рокот од ставот (1) на овој член, можат да организираат јавна расправа во врска со барањето, согласно со членот 103 став (5) од овој закон.
(5) Доколку градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје во рокот од ставот (1) на овој член не ги достават писмените мислења, се смета дека немаат забелешки по барањето.

**Член 103**
**Поднесување мислења во врска со барањето**

(1) Во рок од 30 дена од објавувањето на барањето, јавноста може да ги достави своите мислења и ставови во писмена или електронска форма.
(2) При изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот утврден во ставот (1) од овој член.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во образложението на А- интегрираната

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за тоа.
(4) На барање на засегнатата јавност, инвеститорот е должен да организира јавна расправа во рок од десет дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за организирање на јавната расправа.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја информира општината или градот Скопје за обврската на инвеститорот да организира јавна расправа по барање на засегнатата јавност.

**Член 104**
**Научно-техничка Комисија за најдобри достапни техники**

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники заради определување за најдобри достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во Комисијата од ставот (1) на овој член назначува истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја консултира Комисијата од ставот (1) на овој член, по потреба.
(4) По предлог на Комисијата од ставот (1) на овој член министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува програма за работа на Комисијата.
(5) По предлог на Комисијата од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува национални референтни документи за најдобрите достапни техники, кои преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува поблиските услови кои треба да ги исполнат членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува работите и критериумите за кои треба да се води сметка при определување на најдобрите достапни техники, земајќи ги предвид општите и поединечните услови за секој индустриски сектор.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 105**
**Рок за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина издава А-интегрирана еколошка дозвола врз основа на ставовите и мислењата доставени согласно со членовите 100, 101 и 103 на овој закон, во рок од 60 дена од истекот на крајниот рок во кој може да се доставуваат мислења по барањето.

(2) Во случај кога барањето се однесува на особено комплексни случаи, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да го продолжи рокот од ставот (1) на овој член, но не подолго од 30 дена, за што е должен писмено да го извести барателот на А-интегрираната еколошка дозвола и да ги образложи причините за продолжувањето.

(3) Ако при постапувањето со барањето од членот 96 на овој закон, врз основа на ставовите и мислењата доставени во согласност со членовите 100, 101 и 103 од овој закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека се потребни дополнителни податоци, со заклучок ја прекинува постапката и определува рок, кој не може да биде пократок од 15 дена, но не подолго од 30 дена од денот на приемот на заклучокот, во кој барателот на А-интегрираната еколошка дозвола треба да ги достави потребните податоци.

**Член 107**
**Содржина на А-интегрираната еколошка дозвола**

(1) А-интегрираната еколошка дозвола се заснова на примена на најдобрите достапни техники.

(2) А-интегрираната еколошка дозвола особено содржи податоци за операторот и инсталацијата, како и задолжителни услови кои се однесуваат на граничните вредности на емисиите, мерките за заштита на одделните медиуми и области на животната средина и начинот на вршење на мониторинг од страна на операторот на инсталацијата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува содржината, формата, како и постапката за издавање на А- интегрираната еколошка дозвола.

(4) При издавањето на А-интегрирана еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина задолжително води сметка за:

- природата и за видот на активноста којашто треба да се врши во инсталацијата,

- состојбата на животната средина на локацијата на којашто е сместена инсталацијата,
- барањата за заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина пропишани со закон,
- информациите содржани во студијата или во извештајот за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, доколку постојат,
- ставовите и мислењата доставени во согласност со членовите 100, 101 и 103 од овој закон и
- најдобрите достапни техники.

(5) Граничните вредности на емисиите за секоја од инсталациите согласно со ставот (2) од овој член, како и другите услови во А- интегрираната еколошка дозвола се утврдуваат врз основа на примената на најдобрите достапни техники.

(6) Граничните вредности на емисиите од инсталацијата што се утврдуваат во А-интегрираната еколошка дозвола не смеат да бидат повисоки од пропишаните гранични вредности на емисиите.

(7) Доколку со примената на најдобрите достапни техники не можат да се постигнат пропишаните гранични вредности на стандардите за квалитет на животната средина, операторот е должен да преземе дополнителни мерки со кои се овозможува тоа.

(8) Врз основа на граничните вредности на емисиите утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, преку примената на најдобрите достапни техники и согласно со локалните географски и хидрометеоролошки услови, операторот е должен да ги задоволи стандардите за квалитет на животната средина и да го спречи или да го намали, до најмала можна мера, влијанието на инсталацијата врз животната средина, вклучувјаќи го и прекуграничното влијание.

(9) Граничните вредности на емисиите што се утврдуваат во А- интегрираната еколошка дозвола се применуваат на местото каде што емисиите излегуваат од инсталацијата, а можат да се определуваат и како маса и како концентрација.

(10) Доколку емисиите се испуштаат индиректно во површинска вода, при утврдувањето на граничните вредности на емисиите во А- интегрираната еколошка дозвола, се земаат предвид и ефектите од постројките за пречистување на отпадните води.

(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува супстанциите за кои задолжително се пропишуваат гранични вредности на емисија во А-интегрираната еколошка дозвола согласно со ставот (5) на овој член.

(12) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола му се доставува на операторот. Операторот може да ги достави своите забелешки во рок од 14 дена од денот на приемот на нацртот на дозволата.

(13) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола се објавува за јавноста на начин пропишан од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Јавноста може да ги достави своите забелешки во рок од 14 дена од објавувањето на нацртот на дозволата. На барање на јавноста, операторот е должен да организира јавна расправа за Нацрт А - интегрираната еколошка дозвола.
(14) При определувањето на граничните вредности во А-интегрираните еколошки дозволи задолжително се води сметка за задоволување на квалитетот на медиумите на животната средина.
(15) Во случај кога не е донесен национален референтен документ за одреден сектор од членот 104 став (5) на овој закон, при утврдувањето на најдобрите достапни техники во издавањето на А-интегрираната еколошка дозвола се земаат предвид Референтните документи на Европската унија, кои соодветно се утврдуваат во А-интегрираната еколошка дозвола.
(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува детални упатства заради спроведување на постапката за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола.

**Член 108**
**Издавање на А-интегрирана еколошка дозвола**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение со кое се издава А- интегрирана еколошка дозвола во кое се наведуваат условите за работа на инсталацијата со А-интегрирана еколошка дозвола.
(2) Два примерока од А-интегрираната еколошка дозвола ги задржува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, од кои едниот се задржува за Регистарот на А-интегрираните еколошки дозволи, а другиот служи за обезбедување увид на јавноста во дозволата. Примерок од А - интегрираната еколошка дозвола се доставува до Државниот инспекторат за животна средина и до општината на чија територија се наоѓа инсталацијата и до градот Скопје кога инсталацијата е на територијата на градот Скопје.
(3) Надлежниот орган нема да издаде дозвола за работа на инсталацијата за која се прибавува А-интегрирана еколошка дозвола, доколку операторот не му ја достави А-интегрираната еколошка дозвола.
(4) За инсталациите за кои е задолжителна оцена на влијанијата врз животната средина, А-интегрирана еколошка дозвола може да се издаде само по претходно донесено решение со кое се дава согласност на студијата за оцена на влијанието на проектот, во согласност со членот 87 став (1) од овој закон.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(5) Жалба против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе од страна на засегнати правни и физички лица, како и од здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од објавувањето на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(6) Против решението од ставот (1) на овој член операторот може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(7) Решението од ставот (1) на овој член се издава врз основа на увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, што го спроведува, органот надлежен за вршење на стручни работи во областа на животната средина.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на увидот од ставот (7) на овој член.

**Член 113**
**Објавување на А-интегрираната еколошка дозвола**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на издавањето да ја објави А-интегрираната еколошка дозвола на својата Интернет страница и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и да овозможи увид на заинтересираната јавност во информациите во врска со учеството на јавноста во постапката за издавање на дозволата и во мислењата кои се земени предвид и врз основа на кои е издадена дозволата. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на објавата од ставот (1) на овој член.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Правилник за постапката за добивање а-интегрирана еколошка дозвола**

**Член 8**
**Јавна расправа во врска со барањето за А интегрирана еколошка дозвола**

(1) Доколку во рок од 30 од денот на објавување на барањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, од засегнатата јавност, добие барање за организирање јавна расправа во врска со барањето за издавање А-интегрирана еколошка дозвола, тој го известува инвеститорот за обврската и начинот и постапката за организирање на јавна расправа, како и за рокот во кој инвеститорот ја организира расправата.
(2) Инвеститорот ја известува засегната јавност за барањето за издавање А-интегрирана еколошка дозвола, инсталацијата и активностите кои се вршат во инсталацијата, како и за времето и точната локација на одржувањето на јавната расправа во врска со барањето за издавање А-интегрирана еколошка дозвола преку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на огласната табла на општината на чија територија се наоѓа инсталацијата, како и на интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) По исклучок од став 2 од овој член, инвеститорот со писмена покана ги известува членовите на засегнатата јавност кои го поднеле барањето (мислења, предлози, забелешки), за времето и точната локација на одржување на јавната расправа.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина цени дали се исполнети условите за одржување на јавната расправа.
(5) Објавата од став (2) од овој член се врши во стандардна форма и големина, видлива за јавноста.
(6) За времетраењето на јавната расправа, инвеститорот и обезбедува на јавноста пристап до податоците и информациите во врска со барањето за издавање А интегрирана еколошка дозвола, и обезбедува увид на јавноста во изворните документи и информациите кои се користени при изготвување на барањето.
(7) Инвеститорот изготвува записник од јавната расправа во врска со барањето за издавање А интегрирана еколошка дозвола и кон него приложува стенограмски белешки од водената расправа.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Надлежности, поднесување иницијатива за инспекциски надзор и спроведување на инспекциска постапка во животната средина

## ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Основни начела на инспекцискиот надзор

**Член 5**

**Начело на законитост**

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да постапува согласно со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот и други прописи донесени врз основа на закон.

**Член 6**

**Начело на заштита на јавниот интерес**

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот обезбедува заштита на јавниот интерес.

**Член 7**

**Начело на еднаквост, непристрасност и објективност**

Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаквост, непристрасност и објективност кон субјектите на инспекциски надзор.

**Член 8**

**Начело на одговорност**

Инспекторот е одговорен за стручно и совесно извршување на инспекцискиот надзор и за штетата предизвикана со незаконито дејствие или незаконито одбивање да преземе соодветно дејствие.

**Член 9**

**Начело на материјална вистина**

Инспекторот, по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор.

**Член 11**

**Начело на самостојност**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежност, утврдени со овој или друг закон, е самостоен и независен во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето на инспекциски мерки утврдени со закон.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 12**
**Начело на јавност**

(1) Инспекцискиот надзор е јавен.

(2) Инспекциските служби, преку своите веб страници и веб страницата на Инспекцискиот совет, редовно објавуваат информации од значење за јавноста, за спроведените дејствија и за преземените инспекциски мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

**Член 14**
**Начело на превенција**

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор.

## ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Член 7**
**Надлежни органи за вршење на инспекциски надзор во животната средина**

(1) Инспекцискиот надзор во животната средина се остварува на централно и на локално ниво.

(2) Надлежен орган за инспекциски надзор во животната средина на централно ниво е Државниот инспекторат за животна средина.

(3) Инспекциски надзор во животната средина на централно ниво се врши од страна на Државниот инспекторат за животна средина преку инспекторите за животна средина, инспекторите за заштита на природата и водостопанските инспектори (во натамошниот текст: државни инспектори).

(4) Инспекциски надзор во животната средина на локално ниво се врши од инспектори за животна средина на локално ниво, кои се распоредени во организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(5) Инспекторите од ставовите (3) и (4) на овој член вршат инспекциски надзор во животната средина согласно со надлежностите утврдени во овој закон и прописите од областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 21**

Инспекцискиот надзор во животната средина се спроведува согласно со Законот за инспекциски надзор како:
- Редовен инспекциски надзор,
- Вонреден инспекциски надзор и
- Контролен инспекциски надзор.

**Член 22**

**Редовен инспекциски надзор**

Редовен инспекциски надзор е надзорот, кој е планиран однапред, со предвиден распоред согласно Годишниот план од членот 14 од овој закон и месечниот план од членот 18 од овој закон.

**Член 23**

**Вонреден инспекциски надзор**

(1) Вонреден инспекциски надзор се врши по службена должност или врз основа на пријава/иницијатива поднесена од физичко или од правно лице, орган на државна управа или од општините, општините во градот Скопје и од Градот Скопје, налог на Инспекцискиот совет, како и по писмена наредба на министерот, директорот на Државниот инспекторат за животна средина, односно раководното лице кое раководи со инспекциската служба, односно градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје во чиј состав се наоѓа организациската единица за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво доколку:
- се поднесени пријави и иницијативи кои укажуваат на постоење загрозување на животната средина и здравјето на луѓето,
- настанала или кога постои опасност од хаварија или инцидент, која може да има влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето,
- се добиени сознанија дека е направено прекршување на условите пропишани во прописите или актите со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста поради нивното негативно влијание врз животната средина,
- е потребно преземање дополнителни мерки за спроведување на прописите од областа на животната средина,
- при настанување измени во прописите за заштита на животната средина со што се менуваат условите на вршењето на дејноста и/или активноста и
- кога согласно со закон е пропишано дека е потребно спроведување инспекциски надзор за издавање, измена или ревизија на актот со кој е регулирано вршењето на дејноста или во друг случај пропишан со закон.

(2) Вонреден инспекциски надзор се врши на начин пропишан во членот 71 од Законот за инспекциски надзор, како и согласно со актите донесени од директорот на Државниот инспекторат за животна средина, со кои се

определуваат одредени специфичности соодветни за природата на надзорот во животната средина.
(3) Во случаите од ставот (1) алинеи 1 и 2, кога ќе се утврди постоење непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето од поголем размер или од значително влијание, инспекторот вонредниот инспекциски надзор го врши веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по дознавањето за причината за вонреден инспекциски надзор.
(4) Секое физичко лице кое има сознание дека постои загрозување на животната средина и здравјето на луѓето може да пријави и во полициска станица и еколинија.
(5) Државниот инспекторат за животна средина е должен да обезбеди еколинија од ставот (4) на овој член.

## ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 72
### Иницијатива за инспекциски надзор

(1) Иницијативата за инспекциски надзор треба да содржи: назив на инспекциската служба до која се поднесува, име и презиме и адреса на живеење на подносителот односно назив и седиште на правното лице, законски застапник или полномошник доколку го има, краток опис на повредата и назначување на субјектот кај кој се бара вршење на инспекциски надзор.
(2) Инспекторот нема да постапи по иницијативата за инспекциски надзор, во случај кога истата е нецелосна или нејасна и за тоа го известува подносителот, најдоцна во рок од 15 денови од денот на прием на иницијативата.
(3) Инспекторот нема да постапи по анонимна иницијатива за инспекциски надзор, освен ако содржината на иницијативата не покренува прашање од јавен интерес утврден со закон или е неопходно отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност или животната средина.
(4) Во случај кога иницијативата за инспекциски надзор не е во надлежност на инспекциската служба, инспекторот во рок од три работни денови од денот на добивањето, истата ја доставува до надлежната инспекциска служба за натамошно постапување и за истото го известува подносителот на иницијативата.
(5) Најдоцна во рок од 15 дена по завршувањето на вонредниот инспекциски надзор извршен врз основа на поднесена иницијатива, инспекторот е должен да го извести подносителот за резултатите од инспекцискиот надзор.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 76**
**Контролен инспекциски надзор**

(1) Контролниот инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор:
1) постапил по инспекцискиот акт во целост;
2) делумно постапил по инспекцискиот акт и
3) не постапил по инспекцискиот акт.
(2) Непостапувањето односно делумното постапување по инспекцискиот акт, претставува основа за примена на инспекциска мерка во согласност со закон.

## ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Член 25**
**Право на пристап**

(1) Државниот инспектор врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот, во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно од стручниот орган, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина, како и со акт издаден од друг орган на државната управа кога согласно со закон е пропишана таква обврска.
(2) Инспектор за животна средина на локално ниво врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од општината, општината во градот Скопје, односно од Град Скопје, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина.
(3) Државниот инспектор врши инспекциски надзор во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста доколку добие сознание или е известен дека инспекторот за животна средина на локално ниво не постапил по основа на

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање.
(4) Доколку инспекторот за животна средина на локално ниво има сознание дека постојат неправилности во субјектите на надзорот за кои надлежен да постапува е државниот инспектор, должен е без одлагање да го информира Државниот инспекторат за животна средина.
(5) При вршењето инспекциски надзор, по потреба и на барање на инспекторот, може да присуствува службено лице од стручниот орган, односно од организациската единица за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирана во рамките на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, како и претставници на други стручни установи и правни лица ако за утврдување важни факти или околности е потребно стручно мислење.
(6) На барање на инспекторот, овластеното службено лице на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи е должно да учествува при спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(7) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право на пристап во технолошките, производствените и други процеси, коишто се дел од дејностите и/или на активностите на субјектот на надзорот.
(8) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување докази потребни за спроведување прекршочна или кривична постапка.

**Член 26**
**Земање примероци за анализа**

(1) Посебните дејства во инспекциската постапка кои се однесуваат на земање примероци за анализа се спроведуваат согласно со Законот за инспекциски надзор.
(2) При водење на инспекциската постапка, инспекторот во случај на итна и неодложна ситуација, а заради идентификација на изворите и обемот на загадувањето, може да земе примероци за анализа од вода, воздух и почва, супстанци и материи кои се испуштаат во животната средина, суровини, отпадни материи, производи и друго.
(3) Во редовна постапка, за земање на примероците од ставот (2) на овој член и вршење лабораториски анализи од областа на животна средина инспекторот ангажира субјект кој поседува соодветна акредитација согласно прописите за акредитација и посебните закони.
(4) Начинот на земање примероци за анализа од ставот (2) на овој член го пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 27**
**Собирање и обезбедување докази**

(1) Секое физичко или правно лице, по барање на инспекторот ги прави достапни сите информации, вклучувајќи ги и материјалните и економските податоци, кои се важни за проценување на состојбата што е предмет на инспекциски надзор.

(2) Инспекторот, со цел да го утврди влијанието врз животната средина, има право:

1) од субјектот на надзорот да побара да му се достават резултатите од извршените испитувања, анализи и мерења согласно со прописите за животна средина;

2) од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци, да се анализираат и да се измерат супстанциите и материите што се испуштаат во животната средина, како и бучавата и вибрациите;

3) од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци и да се анализираат материјалите и производите, употребени или процесирани, суровините и отпадните производи доколку има такви;

4) да врши фотографирање, снимање или на друг начин да спроведува бележење на настанатата состојба;

5) од субјектот на надзорот да побара да се разјаснат причините кои предизвикуваат загадување и деградација на животната средина;

6) да земе изјави од одговорните, службените, овластените и лицата кои се затечни, како и од други лица релевантни за утврдување на нивото и видот на загадувањето;

7) да изврши анализа или од субјектот на надзорот да побара да се изврши мерење, испитување и анализа на емисии согласно со посебните прописи од областа на животната средина и

8) да преземе и други дејства или активности со цел обезбедување докази кои се релевантни за утврдување на фактичката состојба.

**Член 28**
**Одземање предмети**

(1) Инспекторот може привремено да одземе документи или други предмети (движни ствари) од жива и нежива природа доколку смета дека истите се неопходни и можат да послужат како доказен материјал во прекршочна или во кривична постапка или доколку е потребно да се спречи некоја потешка последица врз здравјето на луѓето и животната средина.

(2) За одземените предмети од ставот (1) на овој член инспекторот задолжително на субјектот од којшто се одземени предметите му издава потврда согласно со одредбите од членот 93 од Законот за инспекциски надзор.

(3) Привремено одземените документи и/или предмети од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во соодветни простории во Државниот инспекторат за животна средина или во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, или други субјекти кои согласно со закон ги исполнуваат условите за чување на одземените документи и/или предмети за истите до денот на нивното предавање до Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија да останат неоштетени и непроменети и безбедни од отуѓување.
(4) Трошоците за чување и складирање на одземените документи и/или предмети паѓаат на товар на субјектот од кој се одземени.
(5) Одземањето на предметите од ставот (1) на овој член и постапувањето со истите се врши согласно со прописите за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Член 32**
**Опомена**

(1) При вршење инспекциски надзор доколку инспекторот констатира неправилност од помал обем која како таква е пропишана во прописите од областа на животната средина, со решение изрекува мерка опомена, во кое е определен рокот во кој треба да се отстранат недостатоците и неправилностите утврдени со записникот од членот 31 од овој закон.
(2) Доколку инспекторот од ставот (1) на овој член утврди дека субјектот не постапил во дадениот рок, со решение изрекува друга инспекциска мерка согласно со членот 33 од овој закон и прописите од областа на животната средина.

**Член 33**
**Решение**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека субјектот на надзорот не се придржува кон прописите од областа на животната средина, дадените стандарди и други акти со кои е регулирана активноста/дејноста, инспекторот со решение изрекува инспекциски мерка со која дава:
- задолжување/наредба за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале со загадување или со деградација на животната средина и на природата и доведување на животната средина во претходна состојба,
- забрана, која може да се однесува на целокупната работа на субјектот, на дел од инсталацијата, на употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови,

- ограничување на употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови или ограничување на обемот на активноста/дејноста кои предизвикуваат штетни последици врз животната средина, кое се однесува на конкретен временски период во денот или друг временски период во кој се врши активноста/дејноста што предизвикува штетни последици врз животната средина,
- задолжување за преземање на превентивни мерки и
- други мерки определени со посебните прописи од областа на животната средина.
(2) Во решението се определува рокот за реализација на инспекциските мерки од ставот (1) на овој член за отстранување на неправилностите и штетните последици.
(3) Инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале како резултат на непочитување на прописите, инспекторот може да ги определи во соработка со стручниот орган, односно организациската единица за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирана во рамките на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.
(4) Ако при вршењето на контролниот инспекциски надзор, инспекторот утврди дека рокот утврден со решението од ставот (2) на овој член очигледно не е доволен за субјектот на надзорот да ги преземе утврдените мерки во решението, инспекторот може да определи дополнителен рок кој доколку не е определен согласно со посебните закони не може да изнесува повеќе од 120 дена.
(5) Доколку субјектот на надзорот не постапи согласно со решението на инспекторот од ставот (1) на овој член и не ги отстрани причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна, односно кривична постапка пред надлежен орган.
(6) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека субјектот на надзорот не се придржува кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти и покрај определувањето на рокот во решението во кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот може да поднесе барање за поведување прекршочна, односно кривична постапка пред надлежниот орган.
(7) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот може да издаде усно решение за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои ги констатирал при увидот со записник.

(8) Ако констатираните неправилности од ставот (7) на овој член претставуваат опасност за животната средина, животот и здравјето на луѓето, инспекторот може веднаш да издаде усно решение, со кое го забранува вршењето на дејноста и/или активностите, како и да забрани употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активност.
(9) Во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, инспекторот донесува писмено решение во рок од осум дена од денот на донесувањето на усното решение.
(10) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор.
(11) Решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член можат да бидат издадени, односно поднесени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(12) По исклучок на ставот (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на жалбата, односно надлежниот орган, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

# Стретегиска оцена за влијание врз животна средина

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 65**
**Стратегиска оцена**

(1) На предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија ги пропишува стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (во натамошниот текст: плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето (во натамошниот текст: стратегиска оцена).
(2) Стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.

**Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето**

**Член 2**

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следново значење:
- „ краткорочни плански документи " се документите кои се донесуваат за период од една година вклучувајќи ги и промените на тие плански документи;
- „ среднорочни плански документи " се документите кои се донесуваат за период од пет години вклучувајќи ги и промените на тие плански документи;
- „ долгорочни плански документи " се документите кои се донесуваат за период над пет години вклучувајќи ги и промените на тие плански документи.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 3**

Стратегиска оцена се спроведува на плански документи доколку со нив се предвидува спроведување на проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина или кои влијаат врз заштитените подрачја прогласени согласно закон од следните области:

1. Земјоделство - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои содржат мерки и активности и се однесуваат на:
- развој на земјоделско-прехранбениот сектор,
- користење на земјоделското земјиште,
- заштитата на растенијата, семе и семенски материјали,
- агрометеоролошките активности,
- дефинирање на политиката на безбедноста на храна,
- планирањето на развојот на земјоделството и развојот на руралните подрачја,
- мерките на земјоделската политика,
- креирање на политиките за воведување и развој на органското земјоделско производство,
- регистрација на субјектите, следење и евидентирање на состојбите во производството, преработката и прометот со органски производи;
- одгледувањето и прометот на говеда, овци, кози, свињи, коњи, живина, куникули и други животни од стопанско значење, добивањето на добиточни производи,
- одгледување на растенија за производство на биодизел,
- дефинирање на политиката на производството на вино, описот, ознаката, обележувањето, презентацијата и заштитата на виното,
- дефинирање на политиката на производство на суров тутун,
- откупот, сместувањето, обработката на откупениот суров тутун во лист,
- прометот на ферментираниот тутун,
- дефинирање на политиката на производство и промет на големо со тутунски производи, следењето на употребата на додатоци во тутунските производи.

2. Шумарство - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на политиките на:
- стопанисување со шумите,
- заштитата на шумите,
- пошумување на голини и ерозивни земјишта,
- нега на шумски култури, мелиорација на деградирани шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и
- спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

3. Рибарство - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:
- унапредување, заштита и користење на рибниот фонд,
- користењето, управувањето и заштитата на рибниот фонд од риболовните води,
- утврдување на риболовни подрачја,
- зони и ревири и рекреативни зони,
- стопански риболов, рекреативен и спортски риболов, опрема, алат и други средства во рибарството.

4. Енергетика - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:
- долгорочните цели за развој на обновливи извори на енергија (хидроенергија, ветерна енергија, соларна енергија, геотермална енергија, биомаса, земен гас, биогас, биогорива и сл.) како и поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија,
- приоритети на развој,
- извори и начин за обезбедување на потребни количества енергија и енергенти,
- утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата,
- преобразба на енергетскиот сектор, поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија,
- поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност,
- услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата и други елементи од значење за енергетскиот развој.

5. Индустрија - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:
- развој на индустриската политика,
- следење на индустриското производство и технолошкиот развој,
- реструктуирање и преобразба на одделни индустрии (текстилна, челична, металуршка итн.),
- дозаокружување на процесот на приватизацијата;
- продолжување и интензивирање на структурните реформи, а преку тоа и создавањето на нова структура на индустриското производство,
- подобрување на деловното окружување,
- зголемување на инвестициите (домашни и странски), а особено инвестициите во информатика, технологија и знаење,
- подигнување на квалитетот на работна сила, и

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

- промоција на малите и средните претпријатија и на претприемништвото.

6. Рударство - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:
- геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

7. Транспорт - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:
- развојот и унапредувањето на патниот, железничкиот, водениот и авио транспортот,
- условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта,
- среднорочни и годишни програми за изградба, реконструкција и одржување на патиштата,
- издавање под концесија на патна инфраструктура,
- одржување на патиштата на раскрсниците и вкрстувањата; регулирање на приклучоците на патиштата; обезбедување на минимална безбедност на тунелите,
- организацијата на железничкиот систем;
- вршење на железничкиот превоз, управување, изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура,
- давање под концесија за изградба на нова или управување со цела или со дел од железничката инфраструктура,
- финансирањето на железничката инфраструктура,
- условите и начинот на користењето, одржувањето, обележувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта, безбедноста на внатрешната пловидба, спасувањето и вадењето потонати предмети,
- воздухопловна политика,
- концесии во областа на воздухопловството,
- испитување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина во управувањето со воздушниот сообраќај.

8. Регионалниот развој - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:
- рамномерен регионален развој,
- поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, критериумите врз кои ќе се утврдат населените места принципи на политиката на регионален развој, анализа на економската и социјалната состојба на ниво на статистички региони,
- концепт за развој, приоритети и стратешки цели на регионалниот развој,

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

- институции и механизми за имплементација, мониторинг и евалуација планирањето на регионалниот развој и планските документи,
- поттикнувачки инструменти за регионален развој.

9. Телекомуникации - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:
- развој на електронските комуникации и информатичките технологии,
- создавање услови за потполна либерализација во електронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата,
- пристап и интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори и даватели на јавни комуникациски услуги,
- идентификување на потребите на населението со утврдување на приоритетите за обезбедување на универзална услуга,
- развојот на конкуренцијата во областа на електронските комуникации и информатичкото општество и зголемувањето на достапноста и користењето на електронските комуникации и информатичките технологии,
- заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации,
- стимулирање на ефикасно инвестирање во изградбата на инфраструктурата и поддршка на иновации,
- ефикасно користење на радиофреквенциите и нумеричкиот простор како ограничен природен ресурс, и овозможување во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги,
- стратешките насоки, активности и цели за создавање на амбиент за поддршка на дигиталната конвергенција помеѓу инфо-комуникациските технологии и електронските медиуми, како услов за развој на информатичкото општество.

10. Управувањето со отпадот - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:
- управувањето со отпадот на ниво на Република Македонија, општините, на град Скопје и општините во град Скопје,
- спречување/намалување на создавањето на отпад,
- минимизирање на користењето на ресурсите и намалување на количините и/или опасните карактеристики на создаден отпад,
- повторно користење - повторно користење на производи или добра за истата или различни намени/цели,
- рециклирање - повторна обработка на отпадните материјали кои ќе се користат како влезна суровина во производството на истиот или различен производ,

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- понатамошно враќање на отпадот во производните циклуси - добивање на вредност од отпадот преку компостирање, повторно искористување за енергија и други технологии,
- депонирање - доколку не постои друго соодветно решение, одлагање со депонирање или согорување (инсинерација) без или со повторно искористување на енергијата.

11. Управувањето со водите - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:
- управувањето, третманот, заштитата на водите и речните сливови,
- планови за заштита од поплави,
- начинот на употреба и користење на водите, заштитата од штетни дејства на водите, заштита на водите од исцрпување и загадување,
- изворите, условите и начинот на финансирање на водостопанските дејности, услови и начини на вршење на водостопанските дејности, давање на водата на користење со одобрение (концесија), меѓудржавните води и други прашања од значење за обезбедувањето на единствен режим на водите,
- интегриран пристап при регулирањето на управувањето со водите,
- рационално и ефикасно користење на водите,
- одржливиот развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од штетно дејство на водите.

12. Туризам - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на развојот на туризмот генерално како и на развојот на еко-туризмот и на други видови на туризам.

13. Планирање на просторот и користење на земјиштето - плански документи кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територијата на Р Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

14. Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина.

15. Плански документи за спасување и заштита од несреќи.

16. Плански документи за управување со генетски модифицирани организми.

17. Плански документи за управување со заштитените подрачја.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 65**

(1) На предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија ги пропишува стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (во натамошниот текст: плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето (во натамошниот текст: стратегиска оцена).

(2) Стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.

(3) По исклучок за плански документи од ставот (2) на овој член, со кои се одредува користење на мали области од локално значење и со кои се предвидуваат мали измени на планските документи од ставот (2) на овој член, стратегиска оцена ќе се врши само кога органот кој го подготвува планскиот документ ќе утврди дека има значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од став (4) на овој член.

(4) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

(5) За планските документи кои не се определени со прописот од ставот (1) на овој член, а со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, стратегиска оцена се врши само тогаш кога е веројатно дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од ставот (4) на овој член.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

## Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето

### Член 3

(1) Критериуми врз основа на кои се определува дали определен плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето се следните:

1. Карактеристики на планскиот документ, а особено:

- степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите;
- степенот до кој планскиот документ влијае врз другите плански документи во хиерархијата;
- важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој;
- проблеми во животната средина релевантни за планскиот документ;
- важноста на планскиот документ за имплементација на acguis communitaire во областа на животната средина (пр. планови и програми поврзани со управувањето со отпадот или заштита на водите).

2. Карактеристики на влијанијата и на областа која најверојатно би била погодена/засегната, а особено:

- веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;
- кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;
- прекуграничната природа на влијанијата;
- ризиците по здравјето на луѓето или животната средина (пр.поради незгоди/несреќи);
- опсегот и просторниот обем на влијанијата (географска област и големина на населението кои најверојатно би биле засегнати);
- вредноста и ранливоста на областа која најверојатно би била засегната поради:
- посебни природни карактеристики или природно наследство,
- построги стандарди за животна средина или гранични вредности на емисии,
- интензивна употреба на земјиштето,
- влијанија врз областа или пејсажи кои имаат признат статус на национална или меѓународни заштитени подрачја.

(2) Во Одлуката со која се определува дали одреден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето се образложува секој критериум од став (1) од овој член одделно.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## Член 65

....

(6) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот од ставот (4) на овој член.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член кога е потребно спроведување на стратешка оцена на влијанието врз животната средина, со одлуката од ставот (6) на овој член се определува и обемот на стратегиската оцена.

(8) Одлуката од ставот (6) на овој член ја донесува органот што го подготвува планскиот документ.

(9) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги определи органите засегнати од имплементацијата на планскиот документ на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон, како и да ги консултира истите при донесувањето на одлуката за спроведување, односно не спроведување на стратегиската оцена, како и во текот на спроведувањето на стратегиската оцена.

(10) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член е должен да ги објави на својата веб страница на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон.

(11) Против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(12) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член, како и другите придружни документи е должен да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(13) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да не се спроведува стратегиска оцена, доколку оцени дека се исполнети условите за спроведување на стратегиската оцена на планскиот документ или истиот има значителни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето ќе донесе решение со кое го задолжува органот што го подготвува планскиот документ да спроведе стратегиска оцена на истиот.

(14) Со решението од ставот (13) на овој член ќе се определи и обемот на стратегиската оцена.
(15) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да се спроведува стратегиска оцена ќе издаде решение со кое го определува обемот на стратегиската оцена доколку утврди дека истиот не е целосно определен од страна на органот што го подготвува планскиот документ.
(16) Решението од ставовите (13) и (15) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги објави на својата веб страница.
(17) Против решението од ставовите (13) и (15) на овој член засегнатата јавност, како и органот што го подготвува документот имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(18) Во случај кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе утврди дека одлуката, формуларите, како и другата доставена документација од ставот (12) на овој член, не ги содржат потребните информации за оцена на потребата, односно непостоење потреба од спроведување на стратегиска оцена е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на истите да побара од органот што го подготвува планскиот документ да ги достави бараните информации.
(19) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не донесе решение од ставовите (13) и (15) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од ставот (6) на овој член, ќе се смета дека нема забелешки по истата.
(20) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и образецот на одлуката од ставот (6) на овој член и на формуларите за потребата од спроведување, односно не спроведување на стратешка оцена од ставот (12) на овој член.

**Член 66**
**Исклучоци**

Стратегиска оцена не се спроведува за плански документи кои се донесуваат:
- за потребите на одбраната на Република Северна Македонија,
- за време на воена или вонредна состојба и
- во областа на финансиите и Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**Член 66-а**

(1) Во случај кога со планскиот документ се предвидува изведување на проект, за кој истовремено се спроведува постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина согласно со членот 77 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ може да донесе одлука за спроведување на постапката за стратегиската оцена заедно со постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член органот кој го подготвува планскиот документ е должен во одлуката од членот 65 став (6) на овој закон да ги изнесе причините за заедничко спроведување на двете постапки и да го образложи начинот на консултација на јавноста и органите засегнати од спроведувањето на планскиот документ во постапката на донесувањето на планскиот документ.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член извештајот за стратегиска оцена на животната средина од членот 67 на овој закон ќе биде составен дел на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон.

(4) Субјектот што ја спроведува постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина е должен да ги земе предвид сите аспекти на постапката за стратегиска оцена.

(5) Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од ставот (3) на овој член треба да биде потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од членот 68 на овој закон.

**Член 67**

**Извештај за стратегиската оцена на животната средина**

(1) Кога е потребно спроведување на стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со членот 65 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ изготвува извештај за стратегиска оцена на животната средина (во натамошниот текст: извештај за животната средина) во текот на изработката на планскиот документ, односно пред да биде истиот доставен на усвојување од надлежниот орган.

(2) Доколку согласно со прописите за донесување на одреден плански документ се бара тој да се носи во две фази и тоа како нацрт и предлог на план, извештајот за стратегиската оцена на животната средина за планскиот документ се подготвува пред утврдувањето на нацрт на планскиот документ и истиот е составен дел на предложениот нацрт на плански документ.

(3) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на извештајот за животната средина во кој се идентификуваат, опишуваат и оценуваат можните влијанија врз животната

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

средина и здравјето на луѓето од имплементацијата на планскиот документ и изводливите алтернативи земајќи ги предвид целите и географскиот опсег на планскиот документ.
(4) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите во извештајот за животната средина, органот кој ја спроведува стратегиската оцена е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ.
(5) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите, во согласност со ставот (2) од овој член, органот кој ја спроведува стратегиската оцена треба да ги земе предвид постоечките знаења и методи на оценување, содржината и нивото на деталност на планските документи и нивниот удел во процесот на одлучување, интересите на јавноста и потребата од информации на органот кој одлучува.
(6) Органот кој го подготвува планскиот документ за изготвувањето на извештајот за животната средина, ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина од членот 68 на овој закон, кој го потпишува извештајот како одговорно лице за неговиот квалитет. Доколку извештајот за животната средина го изготвуваат повеќе лица, или други експерти или правни лица, тогаш извештајот задолжително го потпишува најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 68 на овој закон, како одговорно лице за неговиот квалитет.
(7) Стратегиската оцена ја спроведува органот кој го подготвува планскиот документ.
(8) Стратегиската оцена на планските документи кои ги донесуваат општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, ја спроведува градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје.
(9) Во случај кога стратегиска оцена се спроведува на плански документ којпроизлегува од друг повисок плански документ за кој претходно била спроведена стратегиска оцена, органот кој го подготвува планскиот документ треба да ги земе предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ.
(10) Во случаите од ставот (9) на овој член извештајот за стратегиската оцена на животната средина ги вклучува информациите кои реално се потребни за донесување на понискиот плански документ, а кои согласно со постојните знаења и методи на оценување, содржината и деталноста на повисокиот плански документ, фазата и нивото на донесувањето придонесуваат кон правилна оцена на влијанието на понискиот плански документ врз животната средина и се овозможува избегнување на дуплирање на оценувањето на влијанието врз животната средина.

(11) Во извештајот за животната средина од ставот (1) на овој член е потребно да се вклучат релевантни информации за влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ кои се содржани во правни акти или одлуки донесени од други органи.
(12) Доколку се работи за спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина во рамките на проекти за кои се обезбедени средства од Европската Унија или друг странски донатор, извештајот за животна средина може да го изработи и странски експерт ангажиран во рамките на проектот, кој не е вклучен на Листата на експерти за стратегиска оцена од членот 68 од овој закон.
(13) Во случаите од ставот (12) на овој член лицето кое е ангажирано во рамките на проектот е должно кон извештајот за стратегиска оцена да достави доказ дека е ангажиран како експерт за изработка на извештај за животна средина за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина во рамките на проект финансиран од средства на Европската унија или друг странски донатор.

**Член 69**
**Известување и учество на јавноста**

(1) Пред започнување на постапката за усвојување на планскиот документ и во рок од пет работни дена од денот на комплетирањето на извештајот за животната средина, органот кој го подготвува планскиот документ, објавува информации кои се однесуваат на нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, местото каде што може да се разгледа нацртот на планскиот документ заедно со информација за постапката за учество на јавноста.
(2) Органот од ставот (1) на овој член е должен истовремено нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето, односно објавувањето на информациите во врска со нив.
(4) Органот од ставот (1) на овој член е должен, при изработката на планскиот документ, да ги земе предвид мислењата добиени согласно со ставот (3) од овој член за што подготвува посебен извештај од консултацијата со јавноста.
(5) Извештајот од консултацијата со јавноста од ставот (4) на овој член се подготвува согласно со прописот од членот 61 на овој закон.

**Член 61**
**Постапка за донесување на планските документи, изготвувањето на прописи и учеството на јавноста во постапката**

(1) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува Национален акционен план за животната средина.

(2) Учеството на јавноста во подготовката и донесувањето на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животна средина се одвива на начин и под услови определени со ставот (8) на овој член.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува методологија за изработка на локалните акциони планови за животна средина.

(4) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува условите, начинот и постапката за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти од областа на животната средина.

(5) Органите на државната управа и органите на единиците на локалната самоуправа, заради учество на јавноста во донесувањето на одлуки, се должни да ја известат јавноста за сите предлози за изработување, донесување, изменување или ревидирање на планови и програми, по пат на јавни известувања, или на друг соодветен начин, како што се електронските и печатените медиуми, како и да и овозможат на јавноста пристап до информации за предлозите, вклучувајќи и информации за правото на јавноста да учествува во постапката за одлучување по плановите и програмите и надлежниот орган до кого можат да се поднесуваат забелешки и прашања.

(6) Органите од ставот (5) на овој член се должни да и обезбедат на јавноста право да ги изрази своите забелешки, предлози и мислења пред да се донесат одлуките за плановите и програмите, како и се должни при донесувањето на одлуките да ги земат во предвид мислењата од учеството на јавноста.

(7) При донесувањето на одлуките по плановите и програмите, органите од ставот (5) на овој член се должни да преземат мерки за информирање на јавноста во врска со донесените одлуки, како и причините и основите на кои се засновуваат тие одлуки, вклучувајќи и информирање за процесот на учество на јавноста.

(8) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува видовите на планови и програми кои се донесуваат согласно со одредбите од ставот (4) на овој член, начинот и постапката за учество на јавноста при изработувањето, донесувањето, изменувањето или ревидирањето на планови и програми, како и начинот и критериумите врз

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

основа на кои се определува јавноста за учество, вклучувајќи ги и невладините организации.
(9) Исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член се плановите и програмите чија единствена намена се однесува на националната безбедност, одбраната на земјата и заштитата и спасувањето на населението.

**Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина**

**Член 3**

Согласно член (2) од оваа уредба органите треба да ја информират јавноста и невладините организации (во натамошниот текст: засегнатата јавност), по пат на јавни известувања објавени во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на органот, и/или по пат на јавни известувања објавени преку електронските медиуми чија програма е достапна согласно територијалната надлежност на органот.
Јавните известувања од став (1) од овој член треба да содржат: информации за донесената одлука од член (4) од оваа уредба; местото, времето и рокот каде што може да се изврши увид на прописот и/или планскиот документ; местото и времето каде ќе се одржува јавната расправа; адресата (поштенска и електронска) каде можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози; доколку тоа е можно, електронска адреса од каде што може да се превземе електронска верзија на прописот и/или планскиот документ, како и други информации кои можат да придонесат во остварување на правото на учество на засегнатата јавност во одлучувањето.

**Член 5**

Во зависност од видот и содржината на прописот и/или планскиот документ, органот ја определува засегнатата јавност преку определување на субјекти врз кои може да влијае спроведуањето на прописот и/или планскиот документ, замајќи ги предвид следните критериуми:
1. економски (вршење на стопански или други економски дејности) и тоа:
- зголемување на дополнителни финансиски обврски (даноци, такси или промени во регулативата со кои се наметнуваат нови обврски);
- промени во вршењето на дејностите преку наметнување на нови стандарди;
2. социјални, и тоа:
- влијание од апект на старосната структура;
- вилјание врз половата структура;
- влијание врз образовната структура;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- влијание врз посебни здруженија заради остварување на заеднички интерес;
- влијание врз вршењето на социјалната и здравствената дејност;
3. еколошки - влијанија врз медиумите и областите на животната средина според кои критериуми се определуваат субјекти кои вршат научни, стручни и образовни активности во областа на животната средина, органите, како и јавните претпријатија или вршители на дејност од јавен интерес кои делуваат во областа на животната средина.
Во случај кога органот согласно став 1 точка 2 од овој член, не може да определи субјекти од социјалниот аспект тогаш во засегнатата јавност влегуваат здруженија, организации и институции кои промовираат остварување на генерални социјални цели (здруженија на пензионери, центри за социјални работи, социјална инклузија, родови прашања и слично).

**Член 6**

Органот за изработката на пропис и/или плански документ треба да обезбеди услови за учество на засегнатата јавност со одржување на најмалку една јавна расправа и да го стави нацрт прописот и нацрт планскиот документ на јавен увид и на својата веб страна.
Јавниот увид може да трае најмалку 30 дена.
Јавната расправа се одржува најмалку 15 дена од денот на ставањето на прописот и/или планскиот документ на јавен увид, а најдоцна пет дена пред денот на истекувањето на рокот за јавниот увид, од ставот 2 од овој член.

**Член 8**

Јавната расправа вклучувајќи го и јавниот увид ги координира и води органот што го изработува прописот и/или планскиот документ.
На јавната расправа сите присутни можат да дадат свои забелешки, мислења и предлози.
За спроведената јавна расправа и нејзиното одржување се води записник од страна на органот, како и список на сите присутни учесници на расправата.
Доколку за тоа постои можност органот може јавната расправа да ја пренесува директно на еден од електронските медиуми или да обезбеди електронски аудио или видео запис и истите да ги направи достапни на јавноста.

**Член 10**

Органот во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот увид, треба да достави поединечен или збирен одговор на сите пристигнати забелешки, мислења и предлози по прописот и/или планскиот документ.
Органот треба да подготви извештај од консултацијата со јавноста и истиот да го објави на својата веб страница.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Прилог 1**
**Видови на планови и програми од областа на животната средина, каде учествува јавноста во нивнот подготвување, изменување или ревидирање**

1. Планови и програми кои се утврдени со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, како и

2. Планови и програми, кои се однесуваат на:
- планирање, организација, овластување и за надзор на операциите за отстранување на отпадот на определено подрачје;
- управување со отпад од батерии и акумулатори;
- управување со отпадот и за управување со опасен отпад;
- управување со пакувања и со отпадот од пакувања;
- намалување на загадувањето на водата предизвикано од нитратите од земјоделските извори и спречување на натамошните загадувања;
- постигнување на гранична вредност во рамки на конкретен временски рок за оцена и управување со воздух.

**ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Член 70**
**Оцена на прекуграничните влијанија при подготовката на планскиот документ во Република Северна Македонија**

(1) Доколку постои веројатност спроведувањето на планскиот документ во Република Северна Македонија да предизвика прекугранично влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на засегнатата држава и се доставуваат:
- опис на планскиот документ,
- извештај за стратегиска оцена на животната средина на планскиот документ и
- покана за учество во консултациите за планскиот документ во рок од два месеца од денот на доставувањето на поканата.
(2) На барање на државата којашто смета дека определен плански документ кој се подготвува во Република Северна Македонија, може да влијае врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето на нејзина територија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги обезбедува информациите од ставот (1) на овој член.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи го пропишува начинот на спроведување на прекуграничните консултации од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 71**
**Оцена на прекуграничните влијанија кога планските документи се подготвуваат во друга држава**

(1) Доколку Република Северна Македонија добие известување од надлежен орган на друга држава за подготовка на плански документ којшто може да има влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето во Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен веднаш да започне постапка за оцена на засегнатоста на Република Северна Македонија од реализацијата на планскиот документ.

(2) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина оцени дека планскиот документ од ставот (1) на овој член може да има влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето во Република Северна Македонија, веднаш го известува надлежниот орган на другата држава за намерата релевантните институции и засегнатата јавност на Република Северна Македонија да се вклучат во консултациите пред усвојувањето на планскиот документ, под услови и на начин предвидени со меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија.

(3) Ако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или некоја друга релевантна институција на Република Северна Македонија дознаат за подготовка на плански документ во друга држава од ставот (1) на овој член, тие се должни веднаш да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи на Република Северна Македонија за потребата од доставување официјално известување до надлежниот орган на другата држава, со цел за да се овозможи учество во постапката од ставот (2) на овој член.

**Член 71-а**
**Стратегиска оцена со прекугранични влијанија**

Во постапката за стратегиска оцена на плански документи кои можат да имаат прекугранични влијанија, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да преземе активности на детални консултации со органите на другата држава или да преземе мерки за склучување на посебни договори со другата држава со кои ќе биде

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

регулирана постапката за меѓусебна консултација во стратегиската оцена на планските документи.

**Член 72**
**Оцена на извештајот за животната средина**

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен во извештајот за животната средина да ги вгради мислењата добиени во постапката за консултација со јавноста согласно со членот 69 од овој закон и во постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон и заедно со планскиот документ и извештајот за консултација со јавноста од членот 69 став (4) на овој закон, да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја оценува соодветноста на извештајот за животната средина во рок од 60 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот (1) на овој член и истата ја доставува до органот кој го усвојува планскиот документ.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да овласти лица за оценување на извештајот за животната средина од Листата од членот 68 на овој закон, кое не учествувале во подготовката на извештајот.
(4) Кога за подготовка на планскиот документ е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, извештајот за животната средина заедно со оцената на соодветноста на извештајот го прави достапен за јавноста.
(5) Оцената на соодветност на извештајот за животна средина од ставот (2) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува на својата веб страница во рок од пет дена од денот на донесувањето на оцената.

**Член 73**
**Одлучување**

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ или промената на планскиот документ, во согласност со членот 65 од овој закон, е должен да ги земе предвид наодите од извештајот за животната средина, мислењата и коментарите добиени од органите кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ, како и резултатите од прекуграничните консултации.
(2) Органот кој го усвојува планскиот документ е должен да го земе предвид и мислењето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во врска со соодветноста на извештајот за животната средина.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

### Член 74
### Објавување на одлуката

(1) Органот кој го усвојува планскиот документ е должен да ја објави одлуката за усвојувањето и за тоа да ги извести засегнатите органи и јавноста, како и земјата која е консултирана во согласност со членот 70 од овој закон.
(2) Органот кој го усвоил планскиот документ од ставот (1) на овој член на својата веб страница ги објавува усвоениот плански документ и известувањето од ставот (1) на овој член.
(3) Во случај на прекугранична консултација известувањето од ставот (1) на овој член на другата држава го доставува органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи.
(4) Во известувањето од ставот (3) на овој член коешто се доставува до другата држава се вклучуваат и:
- изјава во која се сумира како се интегрирани влијанијата врз животната средина на планскиот документ и како подготвениот извештај за стратегиска оцена на животната средина ги земал предвид мислењата од учеството на јавноста согласно со членот 69 од овој закон и резултатите од постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон, како и причините за изборот на алтернативата усвоена во планскиот документ во однос на други алтернативи кои постоеле,
- усвоениот плански документ и
- мерките кои се однесуваат на следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ согласно со членот 75 од овој закон.
(5) Во случаите од членот 71 на овој закон органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на Владата на Република Северна Македонија и предлага донесување на заклучок по однос на стратегиската оцена на планскиот документ што го носи другата држава.
(6) Владата на Република Северна Македонија преку органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи ја известува другата држава за исходот од спроведувањето на стратегиската оцена или за усвојувањето или неусвојувањето на планскиот документ.

### Член 75
### Следење на ефектите од спроведувањето на планските документи

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата.
(2) Следењето на ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, кога е тоа соодветно, може да се

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

врши преку постојните државни и локални мониторинг мрежи на животната средина во Република Северна Македонија.

(3) Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ од ставот (1) на овој член, органот кој го подготвува планскиот документ, како и друго правно и физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

# Учество на јавноста во користењето на водите

## ЗАКОН ЗА ВОДИТЕ

### Член 6
### Правен режим на водите

(1) Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Северна Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определен со овој закон.
(2) Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат.
(3) Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон.
(4) Се забранува секакво испуштање на отпадни води, материи и супстанции во водите освен под услови, на начин и во постапка определени со овој закон.

### Член 15
### Приоритети за користење на водите

Доколку има повеќе барања за користење на водите од едно исто водно тело за кое што не е издадена дозвола за користење на вода, дозволата за користење вода се издава согласно со следниов приоритет за:
1) водоснабдување на населението преку јавен водоснабдителен систем, за здравствените установи и за правните лица од областа на ветеринарството, за потребите на одбраната, за индустријата за производство и за преработка на храна и за напојување на добитокот;
2) наводнување на земјоделското земјиште;
3) водоснабдување на индустријата и за стопански потреби;
4) хидроенергетските и за другите погонски потреби;
5) потребите на парковите и на другите јавни површини;
6) полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби и
7) други потреби.

### Член 16
### Општо користење на водите

(1) Водите се во општо користење доколку:
1) се користат за лични потреби и потреби на домаќинството;
2) не се потребни посебни објекти и постројки за искористување на водите;
3) со користењето на водите не се нарушува правото за еднакво искористување на водите од страна на другите лица и
4) користењето на водите не е ограничено со други прописи.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(2) За општото користење на водите не е потребна дозвола за користење на водите.
(3) Општото користење на водите го опфаќа особено користењето на водите за пиење, капење и за други санитарни потреби на домаќинството, за спорт и рекреација и за пловидба со немоторизирани пловни средства или за задоволување на другите лични потреби, доколку за тоа не се бара изградба на посебни објекти и постројки за кои се предвидува дозвола за користење на води. Општото користење на водите го опфаќа и користењето на водата за гаснење на пожари и за преземање на неопходните санитарни и други мерки во случај на вонредна состојба или елементарна непогода или други активности од јавен интерес.
(4) Под задоволување на другите лични потреби од ставот (2) на овој член не се подразбира користењето на водите во технолошкиот процес при извршување на трговски дејности, како и користењето на водите за наводнување, освен во случаите определени со членот 17 став (3) од овој закон.
(5) За општото користење од ставовите (1), (2) и (3) на овој член не се плаќа надоместок за користење на водите.

**Член 23**
**Водно право**

(1) Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правата и обврските на правните и на физичките лица да користат или испуштаат води, правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица (во натамошниот текст: водно право) под услови и на начин утврдени со овој закон.
(2) Доделувањето и остварувањето на водното право не смее да доведе до негативни последици за водите.
(3) Водното право се остварува под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон.
(4) Водното право се стекнува и за користење на водите заради вршење на дејност по пат на концесија или вршење на потфати за јавно приватно партнерство.
(5) Концесијата, односно јавното приватно партнерство од ставот (4) на овој член, не може да се додели без претходно стекнато водно право под услови и на начин утврдени со овој закон.
(6) Условите, начинот и постапката за доделување на концесија за користење на водите се уредуваат со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Член 25**
**Содржина на водното право**

(1) Носителот на водното право има право непречено и целосно да ја користи и да располага со водата врз која што стекнал водно право, доколку тоа не е спротивно на овој закон.
(2) Водното право создава права и обврски и треба да служи за доброто на неговиот носител и на заедницата.
(3) Секој е должен да се воздржува од повреди на водното право на друго лице.
(4) Носителот, водното право го остварува во согласност со намената и на начин определен во дозволата или во концесијата, во согласност со овој закон.
(5) Со стекнување на водното право, носителот на водното правно не се стекнува со право на сопственост или друго стварно право врз земјиштето на коешто се наоѓа водата.
(6) Со стекнување на водното право, носителот на водното право не се стекнува со право на сопственост или друго стварно право врз објектите и постројките за користење на водата.

**Член 26**
**Стекнување на водно право**

(1) Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода.
(2) Условите, начинот и постапката за издавање на дозволата од ставот (1) на овој член се уредуваат со овој закон.
(3) Водното право од ставот (1) на овој член може да се стекне и со наследување.

**Член 28**
**Дејности и активности за кои е потребна дозвола**

(1) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон е потребна заради извршување на активности, кои што влијаат или можат да влијаат врз режимот на водите и/или врз морфологијата на водното тело, особено во случаите на:
1) зафаќање, црпење, пренасочување, акумулирање и користење на водата од површинското водно тело заради:
- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,
- наводнување на земјоделско земјиште,
- индустриски, технолошки и стопански потреби,
- полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби,
- производство на електрична енергија и други погонски потреби,
- одгледување риби, водни птици итн.,
- туризам, спорт, рекреација, капење и други слични намени,

- одводнување на земјиштето,
- миење и сепарирање на песок, чакал и камен,
- одржување на водотеци со употреба на хемиски материи и супстанции и
- други активности за коишто органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе оцени дека влијаат врз режимот на водите и/или врз морфологијата на водното тело;

2) црпење, пренасочување, акумулирање или користење на водата од подземното водно тело заради:
- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,
- наводнување на земјоделско земјиште,
- индустриски, технолошки и стопански потреби,
- полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби,
- апсорпција на топлинска енергија од геотермални води,
- хидрогеолошки истражувања и собирање податоци и
- други активности за коишто органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе оцени дека влијаат врз режимот на водите и/или врз морфологијата на водното тело;

3) испуштање во води и испуштање и фрлање на материи и супстанции во површинските води.

(2) Владата на Република Северна Македонија врз основа на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина поблиску ги утврдува активностите од ставот (1) точка 1 алинеја 13 и точка 2 алинеја 7 за кои е потребно дозволата од членот 26 став (1) на овој закон.

(3) Заради спроведување на плановите за управување со речниот слив, дозволата се издава во согласност со Планот за управување со речниот слив.

(4) За објектите и за инсталациите за коишто е потребна дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, а за кои со Законот за животната средина е определено дека се прибавува А-интегрирана еколошка дозвола, односно Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталации во заштитено подрачје, дозволата се прибавува во постапката пропишани со тој закон.

(5) А-интегрираната еколошка дозвола, односно Б-интегрираната еколошка дозвола, за инсталации во заштитено подрачје од ставот (4) на овој член, ја заменува дозволата од членот 26 став (1) на овој закон.

(6) За објектите и за инсталациите за коишто е потребна дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, а за кои со Законот за животната средина е определено дека е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола со исклучок на Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталации во заштитено подрачје,дозволата од членот 26 став (1) на овој закон се прибавува под услови и на начин утврдени со овој закон.

(7) За проектите за коишто со Законот за животната средина е пропишано дека се врши оцена на влијанието на проектите врз животната средина,

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

вклучувајќи ги и проектите за коишто потребата за оцена на влијанието се врши со испитување на секој одделен случај, оцената се врши согласно со тој закон.

**Член 29**

**Користење на вода од бунари**

(1) Без дозволата од членот 26 став (1) од овој закон, сопственикот или носителот на друго стварно право врз земјиштето може, во согласност со членот 17 од овој закон, да копа обичен бунар за снабдување со вода за пиење, за поење на добиток, за други лични потреби и потребите на домаќинството, како и за наводнување на земјиште.

(2) Обичен бунар од ставот (1) на овој член може да се копа на растојание од најмалку 5 метра од градежниот објект и од градежната парцела на соседот, а котата на дното на бунарот не смее да биде пониска од котата на дното на соседниот бунар.

**Член 30**

**Барање за издавање дозвола**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја издава дозволата од членот 26 став (1) на овој закон по барање на правно или физичко лице (во натамошниот текст: барател).

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува содржината и формата на образецот на барањето, за користење на вода и потребната документација која се приложува кон барањето од ставот (1) на овој член.

(3) Барателот во прилог на барањето од ставот (1) на овој член ја доставува документацијата од ставот (2) од овој закон, а особено:

- доказ за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија,
- имотен лист и копија од катастарски план на парцелите на местото каде ќе се зафаќа, односно црпи вода или документ со кој се докажува дека барателот е носител на друго стварно право врз парцелата,
- основен проект за водостопански објекти и постројки изработен од страна на правно лице кое поседува лиценца за проектирање согласно со Законот за градење,
- ревизија на основниот проект од алинејата 3 од овој став, изработена од правно лице кое поседува лиценца за ревизија согласно со Законот за градење,
- решение за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина односно решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежен орган согласно Закон за животна средина,

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- топографска карта во размер 1:25.000, со координатно позиционирање на местото на зафаќање и местото на испуштање, како и локацијата на објектите и постројките.
(4) Документите од ставот (3) алинеи 1 и 2 и решението за одобрување на елаборат за заштита на животната средина од алинејата 5 на овој член кое го издава општината, општините во градот Скопје или градот Скопје согласно со Законот за животната средина ги прибавува овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина кое ја води постапката за издавање на дозвола за користење на вода, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ја побара документацијата од надлежниот јавен орган.
(5) Решението за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина кое го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно решението за одобрување на елаборатот за заштита на животна средина кое го издава органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина согласно со Законот за животната средина, од ставот (3) алинеја 5 на овој член, овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина кое ја води постапката за издавање на дозвола за користење на вода, ги прибавува од службената евиденција на органот.
(6) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) од овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) За постојните објекти изградени врз основа на водостопанска согласност и/или водостопанска дозвола за користење на водата и објектите, покрај документите од ставот (3) алинеи 1, 2, 5 и 6 на овој член, барателот на дозволата за користење на водата треба да достави и:
- техничката документација врз основа на која му била издадена водостопанската согласност или водостопанската дозвола и
- копија од водостопанска согласност и/или водостопанска дозвола.
(8) За постојни објекти за кои барателот не поседува техничка документација покрај документите од ставот (3) алинеи 1, 2, 5 и 6 на овој член, барателот доставува и проект на изведена состојба, со кој се прикажува фактичката состојба на постојните објекти, изработен од правно лице кое поседува лиценца за проектирање согласно со Законот за градење.
(9) За постојните објекти за кои барателот не поседува водостопанска согласност и/или водостопанска дозвола од ставот (7) алинеја 2 на овој член, покрај документите од ставот (3) на овој член, барателот доставува одобрение за градење и/или дозвола за употреба на објектот согласно со Законот за градење.

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП
CNVP Building a Greener Economic Environment

(10) Во случај кога барањето се поднесува за користење на вода за консумирање од страна на човекот, за преработка и производство на храна, за одгледување на риби и водни птици и за напојување на добиток и/или наводнување на земјоделски површини, кон барањето, покрај документите од ставот (3) на овој член, барателот доставува и документ за исправност на водата, односно потврда дека водата одговара за намената издадена од надлежен орган за безбедност на водата.
(11) Во случај кога барањето се поднесува за користење на подземни води, кон барањата, покрај документите од ставот (3) на овој член, барателот доставува и елаборат за извршени хидро - геолошки истражувања.
(12) За дејностите за коишто се доделува концесија или јавно приватно партнерство, кон барањето за користење на води, покрај документите од ставот (3) на овој член барателот доставува и договор за концесија или јавно приватно партнерство.

**Член 35**
**Објавување на барањето и учество на јавноста во постапката за издавање на дозволата**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето од членот 30 став (1) на овој закон, е должен да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата интернет страница.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да и обезбеди на јавноста пристап до информациите потребни за оформување на мислењата и ставовите, во согласност со Законот за животната средина.
(3) Јавноста може да ги изрази своите мислења и забелешки во врска со барањето во рок од 15 дена од објавувањето.
(4) Содржината на објавата од ставот (1) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(5) Објавата од ставот (1) на овој член е на товар на барателот на дозволата.

**Член 36**
**Права и обврски на органите на општините и на градот Скопје во однос на барањето**

(1) Градоначалникот на општините и градоначалникот на градот Скопје, се должни во рок од 15 дена од приемот на барањето согласно со членот 33 став (4) од овој закон, да му достават на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, мислење во писмена форма во однос на наводите содржани во барањето.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(2) Доколку градоначалникот на општините и градоначалникот на град Скопје не го достават писменото мислење во рокот од ставот (1) на овој член, се смета дека се согласиле со барањето.

**Член 38**
**Доставување на ставови и мислења по барањето**

(1) Органите наведени во членот 33 став (4) точка 1 од овој закон, како и јавноста од членот 35 на овој закон можат, во писмена форма, во рок од 15 дена од приемот на барањето, да ги достават своите мислења и ставови во однос на барањето од членот 30 став (1) на овој закон.
(2) При изготвувањето на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, нема да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот и начинот утврдени во ставот (1) од овој член.
(3) При изготвувањето на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги образложува причините поради кои се отфрлени добиените мислења и ставови од ставот (1) на овој член.
(4) Доколку органите наведени во членот 33 став (4) точка 1 од овој член не достават писменото мислење во рокот од ставот (1) на овој член, се смета дека немаат забелешки по барањето.

**Член 39**
**Одбивање на барањето за издавање на дозвола**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, со решение го одбива барањето од членот 30 став (1) на овој закон, доколку утврди дека издавањето на дозволата не е во согласност со Планот за управување со речен слив, се загрозува јавниот интерес, или се повредуваат одредбите на меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член, барателот може во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 41**
**Отпочнување на правно дејствона дозволата**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да изврши преглед на објектите и постројките и доколку условите од дозволата се исполнети, на носителот на дозволата му издава потврда за извршен преглед на објектите и постројките.

(2) Прегледот на објектите и постројките од ставот (1) на овој член го врши комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, составена од пет члена и тоа по еден член од Државниот инспекторат за животна средина, два члена од органот надлежен за вршење на стручни работи од областа на управувањето со речен слив и два члена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, започнува да произведува правно дејство од моментот кога носителот на дозволата ќе достави потврда за извршениот преглед до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Од моментот на издавањето на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон до моментот на започнувањето на правно дејство на дозволата согласно со ставот (3) од овој член,органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може, врз основа на барање на правно или физичко лице, да издаде дозвола за времено користење на водата од истото водно тело на коешто се однесува дозволата од членот 26 став (1) на овој закон.
(5) Членовите на комисијата од ставот (2) на овој член се избираат со мандат од две години со право на повторен избор најмногу за уште еден мандат.
(6) Комисијата од ставот (2) на овој член за својата работа донесува деловник.
(7) Стручно-административните работи на комисијата од ставот (2) на овој член ги врши органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина.

**Член 45**
**Изменување и дополнувања на дозволата**

(1) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон може да се изменува или да се дополнува, по службена должност, или на барање на носителот на дозволата доколку се промени:
1) квантитетот и/или квалитетот на водата што се користи или
2) квантитетот и/или квалитетот на водното тело од коешто се користи водата или
3) технолошкиот процес на работа.
(2) Кон барањето за изменување и дополнување на дозволата во случаите од ставот (1) на овој член се приложува техничка документација која особено содржи причини и податоци за настанатите промени на количеството, квалитетот, местото и начинот на користење на водите, како и други потребни податоци.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги запишува измените и дополнувањата на дозволата во водната книга.
(4) Барањето од ставот (1) на овој член по службена должност може да го поднесе органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, како и друг орган кој има надлежности кои се поврзани со квантитетот и/или квалитетот на водата што се користи, вклучувајќи ги и субјектите кои врз основа на јавно овластување вршат активности поврзани со квалитетот и/или квантитетот на водата што се користи.

**Член 47**
**Престанок на дозволата**

(1) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон престанува, ако:
1) истече рокот на важноста на дозволата;
2) корисникот се откажал од правата утврдени со дозволата;
3) не се започне со изградба, реконструкција или доградба на објектите и постројките од дозволата во рок од најмалку две години од денот на издавањето на дозволата;
4) не се завршат работите и активностите за изградба, одржување, експлоатација, изменување, проширување, рехабилитација или затворање на изградени водостопански и други објекти во рокот определен со дозволата;
5) водата, без оправдани причини, не се користи и/или испушта континуирано во период од две години во текот на времетраењето на дозволата;
6) доколку се исполни условот од членот 42 став (4) на овој закон;
7) издадената дозвола не е во согласност со измените и дополнувањата на плановите за управување со речните сливови;
8) доколку настапи смрт на физичкото лице без наследници или
9) ликвидација на носителот на дозволата.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го запишува престанокот на дозволата во водната книга.

**Член 49**
**Ограничување на водното право**

(1) Водното право коешто произлегува и се остварува под услови и на начин утврдени во дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, привремено се ограничува, доколку со неговото остварување се:
1) загрозува здравјето на луѓето;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

2) загрозува природната рамнотежа на водните екосистеми и екосистемите зависни од вода;
3) ограничува општото користење на водите и
4) влијае штетно врз заштитените подрачја определени со прописите за заштита на природата.
(2) Привремено ограничување на водното право се врши и заради потребите на одбраната и безбедноста на државата.
(3) Во случајот од ставовите (1) и (2) на овој член носителот на дозволата има право на надоместок на штета, согласно со општите прописи за надоместок на штета.
(4) За ограничувањата од ставовите (1) и (2) на овој член со решение одлучува органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Ограничувањата од ставот (1) на овој член може да ги побара и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.
(5) Со решението од ставот (4) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина определува и санациони и други мерки кои треба да ги преземе носителот на дозволата.
(6) Ограничувањето од ставовите (1) и (2) на овој член не може да трае подолго од потребата за реализација на санационите или други мерки.
(7) Против решението од ставот (5) на овој член носителот на дозволата, во рок од седум дена од денот на приемот на решението, може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(8) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го запишува ограничувањето на водното право во водната книга.

**Член 50**
**Промена на дозволата за користење на водите поради промена на приоритет**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може во случај на недостиг на вода за пиење, на дозволата за користење на водите за потребите од членот 15 точки 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон, да изврши промена на намената, доколку е неопходно тие води да се користат за потребите од членот 15 точка 1 на овој закон.
(2) Во случајот од ставот (1) на овој член поранешниот корисник има право на надоместок на штета за изгубена добивка и надоместок за вложените средства во водостопанските и други објекти и постројки, согласно со општите прописи за надоместок на штета.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(3) Заради зачувување на квантитетот и квалитетот на определени водни тела, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да го определи начинот на користењето на водата, да ја одобри распределбата на целата или дел од водата меѓу барателите на дозвола или друго право за користење на водите, доколку барањето за издавање на дозвола за користење на водите е во јавен интерес.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја запишува промената на дозволата од ставот (1) на овој член во водната книга.

**Член 51**
**Одземање на дозвола**

(1) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон се одзема доколку:
1) водата се користи, односно се испушта спротивно на условите утврдени со дозволата;
2) носителот не го платил надоместокот и
3) на носителот на дозволата со правосилна одлука му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на дејност поврзана со користење на води или испуштање во води.
(2) За одземањето на дозволата во случаите од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, донесува решение.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен за започнување на постапката за одземање на дозволата да го извести носителот на дозволата и во решението од ставот (2) на овој член да му даде рок кој не може да биде подолг од 30 дена, во кој му наложува отстранување на причината од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член за започнување на постапка.
(4) Доколку и по истекот на рокот определен во ставот (3) од овој член, носителот на дозволата не ги отстрани причините или продолжи со активностите од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член, органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, донесува решение за одземање на дозволата.
(5) Правното дејство од одземањето на дозволата важи од денот утврден во решението од ставот (4) на овој член.
(6) Против решението од ставот (4) на овој член, носителот на дозволата, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор.
(7) Жалбата од ставот (6) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

(8) Правното или физичкото лице на кое му е одземена дозвола нема право на надоместок на штета.
(9) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го запишува одземањето на дозволата во водната книга.

**Член 52**
**Посебен услов за одземање на дозволата**

(1) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина или на предлог на друг орган на државната управа може да одлучи да му ја одземе дозволата на носителот доколку со одземањето се обезбедува или се остварува повисок јавен интерес од оној заради чие остварување е издадена дозволата.
(2) Поголем јавен интерес од ставот (1) на овој член е остварување на правото за користење на вода на повеќе корисници во рамките на ист приоритет утврден со членот 15 од овој закон.
(3) Во случајот од ставот (1) на овој член правното, односно физичкото лице на кое му е одземена дозволата има право на надоместок на штета, согласно со општите прописи за надоместок на штета.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со води го запишува одземањето на дозволата заради обезбедување на повисок јавен интерес во водната книга.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.